Универзитет “Свети Кирил и Методиј” – Скопје

Филозофски Факултет

Институт за Социологија

Магистерски труд

# Глобализацијата и улогата на Христијанството во современите европски општества

Ментор

Проф. Д-р Зоран Матевски

Изработил

Здравко Пејковски

Скопје, 2016 година

## Вовед

Глобализацијата е феномен од исклучително значење, кој претставува двигател на промените во нашето современие и постанува значаен предизвик за Христијанството на европско тло во целина. Токму тие карактеристики, со кои се обележани современите европски општества, претставува широко поле за проучување. Глобалниот поредок, особено во дваесеттиот век, достигнува вртоглави промени. Развојот на медио-комуникацискиот сектор донесува исклучителни можности за влијание во различни општествени сфери, од различни општествени чинители (станува збор на државите во однос на цела Европа, но и на групи или поединци). Во тој контекст, како општествени чинители во прв ред ги подразбираме религијата, т.е религиозноста воопшто, Христијанството, како најдоминантна верска определба во Европа и секако, неговиот однос кон државата. Општествениот поредок во историски смисла, секогаш претставувал предизвик за заедницата. Бидејќи истиот тој општествен поредок се карактеризира со особени обележја на една заедница, проучувањето на таа заедница и нејзината комплетна социо-културна карактеристика, претставува неопходност. Кога станува збор за конкретен момент, појавата на Христијанството комплетно го потврдува погоре наведеното. Старата цивилизација добива нов тек, бидејќи за релативно кратко време се случуваат тектонски промени во начинот на егзистирање на заедниците во кои Христијанството навлегло. Прапочетоците на Христијанството се во мултикултурна и исклучително мултиетничка средина (Римското царство, заб. на пр.). Секако, тенденцијата Христијанството да се омасови, кога станува збор за истите тие прапочетоци, воопшто не била поврзана со државна интервенција, па затоа современиот европски концепт во однос на толерирањето на различностите во многу го пресликува концептот на антички Рим. Денешна Европа има огромен број на варијации во општествениот поредок, кој е длабоко е поврзан со Христијанството, кое е неодминлив дел на државите со христијански предзнак од самиот ден на нивното формирање. Христијанските погледи имаат моќ за да го менуваат човештвото и неодминливо се органски поврзани со Европјаните, кои пак, од своја

страна, самите биле инволвирани во подршката на христијанската мисија во светски рамки, со оглед на европското наследство во Новиот Свет. Секако, промените кои постојано го следат човештвото, имаат исто така особено влијание во креирањето на јавната свест и погледот кон христијанскиот морален кодекс и во најмала рака, претставуваат предизвик на кој Христијанството му претстои да се соочи. Неговата моќ на приспособување, потенцијалот да се одржи неговата стабилност, сосем независно од суровата негативна демографска статистика која го следи во Европа на почетокот на 21 век, но и константноста на неговите доктринарни принципи да останат непроменети и покрај сите предизвици на современото живеење, за нас претставува неисцрпен извор за проучување на религиските аспекти на современите европски општества. Поимот "европски општества" експлоатиран во овој труд, претставен е во множина, бидејќи односите помеѓу европските држави ги поимаме и преку нивните социокултурни разлики. Треба да се земе предвид специфичното христијанско наследство на секоја држава, следејќи го групирањето помеѓу нив, поради идеолошки и политички причини, односно различностите со кои Европа изобилува. Во ова истражување постои обид Христијанството да се претстави во религиска, но и социокултурна матрица за европските општества во целост. Влијанието на Христијанството во Европа, неспорно ги обликувало сите нејзини општества. Токму поради неговото изворно значење, ќе се направи обид да се проучи неговото влијание и потенцијал да делува во истите општества, во нашето современие.

## ***Методолошки пристап на истражувањето***

Формулирање на проблемот на истражувањето

Ако на Христијанството, освен како на верски систем гледаме и како на социокултурен феномен, тогаш во нашето совремие целиот негов концепт добива сосема поинаков предизвик. Секако, не станува збор за поинакво Христијанство, туку за ситуација во која сите поединечни карактеристики, со кои истото се соочувало во минатото, сега имаат можност да се промовираат одново, но овој пат во поинаква констелација на општествените особености. Сето тоа, во принцип се јавува кај мултикултурната држава, која најчесто е и мултиетничка. Пред сѐ, тука го подразбираме местото на Христијанството во современите европски општества. Следењето на социокултурните промени, безусловно се наметнува како проучување на влијанието на Христијанството врз општествените чинители во исто време. Токму затоа, заедницата на луѓе кои живеат на одредена територија, организирани со сите атрибути кои ја карактеризираат државата, во истовреме, повеќе или помалку, се јавуваат и како дел од христијанска заедница. Поради тоа, се наметнува потребата за проучување на истото, за да се стекне подобар увид во целата ситуација во која Христијанството денес егзистира во Европа и со какви предизвици се соочува. За да се даде одговорот на ова прашање, неодминливо е да се проучат христијанските заедници присутни во современа Европа, а особено поради фактот, дека и во самите христијански заедници има разлики, кои придонесуваат истите различно да се однесуваат и делуваат во различни ситуации.

## 2. Цели и задачи на истражувањето

### 2.1 Научна цел

Да се утврди влијанието што го имаат глобализациските процеси врз Христијанството во современа Европа. Истите ќе се следат низ масмедиумската сфера, рапидниот раст на современата комуникација и пред сè, преку општествените околности кои се присутни во Европа, а кои директно се инволвирани во создавање на општествените правци, во соодносот со религиските елементи. Тука го подразбираме влијанието на државите врз Христијанството и практикувањето на неговите идеи во истите, унифицирањето на законодавствата во однос на религиските прашања, современите гледишта во насока на заштитата на човековите права и сл.

### 2.2 Задачи на истражувањето

- Да се направи увид во современите европски општества.

- Да се проучи религиозноста во современите европски општества.

- Да се проучат надворешните аспекти на Христијанството во современа Европа (на пр. кои Цркви постојат, статистички податоци за истите и сл.).

- Да се проучат Глобализацијата и Секуларизацијата и нивното делување во современа Европа.

- Да се проучи значењето на мултикултурализмот и мултинационалноста во современа Европа, во однос на Христијанството.

- Да се направи увид во влијанието на современите медиуми и комуникации и нивната интеракција со Христијанството во современа Европа.

- Да се утврди влијанието на доктринарните принципи на Црквите во однос на религиозноста во современа Европа.

## 3.1 Практична цел на истражувањето

Истражувањето ќе покаже како функционира Христијанството во современа Европа и дали медиумите и комуникациите имаат влијание врз неговата егзистенционална концепција? И дополнително, колку современите сфери на влијание имаат навистина моќ да предизвикаат промени во доктринарните принципи на Христијанството, во смисла на неговата моќ да иницира промени во општеството vice versa? Ќе се направи и увид во значењето на етничкиот концепт и неговата улога во зачувување на одредени аспекти на Христијанството од сферите на влијание. Дел од истражувањето ќе биде и дефинирање на концептите на модерните европски држави и потенцијалната поврзаност на верските со световните власти. Резултатите од ова истражување ќе придонесат кон разбирање на Христијанството и неговото место во современа Европа и неговиот однос кон слободата на избор, во интеракција со секуларниот концепт.

## 3.2 Дефинирање на основните поими на истражувањето

Истражувањето се однесува на определување на нештата кои имаат значајно, но многупати и трајно влијание врз општествените процеси, а кои во основа се религиозни, или пак се испреплетуваат со религиозноста, а се однесуваат на: религијата, христијанството, државата, глобализацијата и секуларизацијата.

*Религија*... “систем на верувања и практики, преку кои група на луѓе се обидуваат да ги разрешат основните прашања на човечкиот живот” (Yinger, J.M. 1970). Според Гиденс, “религијата подразбира постоење на една низа на симболи со кои се предизвикува чувство на почитување и стравопочитување; потоа за религијата се битни обредите и церемониите во кои учествува заедницата на верници” (Gidens, 2001:272). Според Вуко Павиќевиќ, “религијата е организиран збир на верувања, чувства, симболи, култни дејствија и морални правила врзани за идејата или замислата за онострането битие, за кои се грижи посебна организација” (Pavičević, 1980:17). Според Шушњиќ “за религија може да се смета секое верување во апсолутна и мистична моќ, од која (човекот) зависи и која го

контролира неговиот живот и смртта, но на која може да влијае, ако се однесува на одредени начини. Своето искуство со таа моќ човекот може да го изразува на когнитивен, емоционален, практичен и мистичен начин т.е. во облик на учења, обреди, заедница на верници или харизматски личности. Стекнувањето и изразувањето на искуствата со таа сила, има одредено значење за него и за заедницата. Без тоа, неговиот и животот на заедницата би бил сосема поинаков" (Šušnjić, 1998:50). Бешиќ и Ѓукановиќ сметаат дека дефиницијата за религијата би требало да ги содржи следниве елементи: вера, свето, колективно, трансцедентно и културно-историска условеност. Според тоа "религијата претставува културно-историски условена и колективно констатирана вера во светото, кое како такво е од трансцедентна природа" (Bešić i Đukanović, 2000:32).

*Христијанството* е религиски систем базиран на животот, учењето и искупителното дело на Господ Исус Христос преку неговата смрт и воскресение, а според доктрината на најголемиот дел од христијанските заедници, тој е овоплотениот Син Божји, едно од лицата на Бог Света Троица.

Макс Вебер во Христијанството гледа религија на спасот. Под тоа, тој подразбира верување во можноста за спасение, доколку луѓето ги прифатат неговите верувања и ги следат неговите морални начела (Giddens, Anthony 2007:539). Но, Христијанството не се однесува само на спроведување на Христовите пораки како животен принцип, туку единството со самиот Христос претставува крајна цел. На тој начин, истото постанува социолошки феномен, кој длабоко ги поместува границите на општествените константи. Ова е на линија со христијанската доктрина, дека Христијанството претставува систем, кој не е институција или организација во вистинска смисла (иако надворешно изгледа како такво, со оглед на неговите обележја на организација), туку тоа е секојдневен начин на живеење и воопшто не претставува членство, како на пример членување во некоја институција, која го обезбедува своето постоење од можноста да се самоодржува (финансиски, просторно и сл.).

*Држава*- “Не постои академски консензус за најсоодветна дефиниција за државата” (Cudworth, 2007:1). Терминот “држава” се однесува на “цел сет на различни, но меѓусебно поврзани теории за цела низа на општествени феномени” (Barrow, 1993:10). Но, и покрај тоа, најчесто користена дефиниција за држава е таа на Макс Вебер кој вели: “таа е комплексна политичка организација, со централизирана влада, која што има монопол над легитимната употреба на сила, над одредена територија” (Salmon, 2008:54). Таа власт, во различни државни уредувања може да го добие легитимитетот од организираната заедница која е составена од една, или пак повеќе етнички заедници, односно граѓани.

“*Глобализацијата* е процес на интернационална интеграција, која се издига преку размена на светските гледишта, продукти, идеи, и останати аспекти на културата” (Al- Rodhan, R.F. Nayef and Gerard Stoudmann 2006). Карактеристика на модерните општества е тоа, што тие се особено подложни на унифицирање, преку спој на културни, политички, финансиски, но и поконкретно, религиски елементи. Поради тоа, глобализацијата претставува тенденција да се направи заеднички контакт на модерните општества помеѓу себе, за да се споделат карактеристиките кои секоја од нив ги поседува. Епохата на модерното, постиндустриско општество, се поклопува со создавањето на националните држави и либералниот капитализам. Сето тоа ширум ги отвори вратите на глобализацијата. Индустриската револуција, урбанизацијата на општеството, развојот на природните науки пред сѐ, на науката и технологијата, информациските систем и новите медиуми... создадоа од светот “глобално село”, односно, беше овозможен пристап до сѐ, на слободен начин” (StipeTadic 2011).

*Секуларизација*- “Секуларизацијата претставува движење кое се стреми кон одделување на религијата од световната власт, (најчесто се споменува терминот одделување на црквата од државата). Ова може да се однесува на редуцирање на врските помеѓу владата и државната религија, заменувајќи ги религиските закони со цивилни закони, притоа сметајќи дека се овозможува елиминирање на дискриминацијата врз база на религиската припадност. Тоа се смета дека е при-

донес кон демократијата поради заштитата на правата на религиозните малцинства" (Feldman, Noah, 2005:14). Вообичаено, застапниците на секуларизацијата веруваат дека религијата треба да се наоѓа во доменот на приватното, додека секоја религиска карактеристика која излегува во јавност, во никој случај не треба да се потпира на државни елементи.

*3. Истражувачки прашања*

-Дали Христијанството е под влијание на политичките и културните текови во глобалниот свет, кој во исто време е поврзан со квалитетни комуникациски можности?

- Дали Христијанството подразбира и општество, кое своите вредности ги промовира само во неговото културно подрачје?

- Дали светските текови влијаат врз доктринарниот карактер на Христијанството и неговите внатрешни потенцијали за адаптација?

- Дали потрошувачкото општество предизвикува отуѓување од вредностите кои ги промовира Христијанството?

- Дали статистиката е мерило на успешноста во однос на конкретизирање на бројноста на Христијаните во целина, а особено во однос на вистинските поддржувачи на идеите кои ги негува конкретна христијанска група?

- Дали мултикултурализмот и мултинационалноста е појава која влијае врз Христијанството?

- Дали масмедиумите претставуваат средство за промоција на културни феномени, кои директно влијаат врз традиционалното практикување на верските елементи?

*4. Методи и техники на истражување*

Методот на истражување ќе се обиде да ги објасни причинско-последичните врски во однос на влијанието на глобализацијата врз Христијанството. Квалитативниот и квантитативниот метод ќе се користат напоредно, за да се направи увид во значењето на конкретното истражување, преку користење на податоци и

да се види односот на зависните и независните варијабли во самиот истражувачки процес преку:

-Анализа на содржина на документи кои ги објавуваат религиските организации во Европа, со цел да се добие преглед на насоките кон кои се стреми верската заедница која ќе биде истражувана.

-Анализа на содржина на пораки и посланија на лидери на христијанските организации, поради нивното влијание кое го имаат во нивната област на делување и можностите за креирање на јавното мислење.

-Увид во Европските декларации во однос на религијата.

-Преку компаративен метод на православните, римокатоличките и протестанските заедници во врска со ставовите кои јавно ги изнесуваат.

-Преку статистичка анализа, која ќе ни даде увид во бројноста на одредени аспекти на верската заедница (на пр. колку членови има, организациски податоци за истите и сл.).

-Анализа на медиумскиот простор и кое е неговото влијание врз религијата, користејќи го методот на триангулација.

## *I. Современите европски општества*

Современото европско општество е карактеристично по својата комплексност, која е последица од општествените превирања во 20 век на нејзино тло. Особено, периодот по Втората светска војна ги диференцира нејзините рамки, кои претставуваат константа до денешни дни. Сето тоа е условено со појавата на политичко - воени блокови, кои се актуелизираат низ 20 век.

### *1. Историски контекст*

Трите блока кои се диференцирани во повоениот период се:

*НАТО пактот*, (The North Atlantic Treaty Organization (NATO) основан на 04 Април 1949 година (A short history of NATO". NATO. 2 April 2012) (http://www.nato.int/history/nato-history.html), кој претставува политичко воен сојуз основан е од сојузниците по победата во Втората светска војна, чии членки се претежно државите на западна Европа, се до 1999 година, кога е дозволен влез на држави кои биле поранешни членки на Варшавскиот пакт, но и некои држави кои до тогаш не биле под влијание на ниту една од овие организации .

*Варшавскиот пакт* (The Warsaw Pact) е основан на 14 Мај 1955, а укинат е на 01 Јули 1991. Негови членки биле државите од источна и средна Европа. http://www.history.com/topics/cold-war/formation-of-nato-and-warsaw-pact

*Воено неутрални* се: Југославија, Шведска, Финска, Швајцарија, Ирска и Австрија).

По распаѓањето на Варшавскиот пакт, вклучително и на Советскиот Сојуз на 26.12.1991/ Declaration № 142-Н of the Soviet of the Republics of the Supreme Soviet of the Soviet Union/ неговите поранешни европски членки: Полска, Чехословачка, Бугарија, Романија и Унгарија се демократизираат, а Молдавија, Естонија, Латвија, Литванија, Белорусија,, Украина, Грузија, Ерменија се осамостојуваат како држави. Истото се случува и со распаѓањето на СФР Југославија, од

која произлегуваат 6 (шест) држави: Србија, Хрватска, Босна и Херцеговина, Македонија, Словенија и Црна Гора, а потоа на воен план, некои од нив се зачлениле во НАТО, а некои останале надвор од членство во воени блокови. Политички пак, во овој период најголема улога во создавање на современиот Европски мозаик има Европската Унија (официјално основана на 01 Ноември 1993 со договорот во Мастрихт (Craig, Paul:15), иако нејзиното постоење како заедница датира од 18 Април 1951/ The Treaty establishing the European Coal and Steel Community (ECSC)/, па преку стапувањето на сила на договорот од Рим на 01 Јануари 1958 /A peaceful Europe – the beginnings of cooperation/).

*2.Современа состојба*

Во Европа денес има 46 меѓународно признати држави ("United Nations Member States" United Nations. Retrieved 24 February 2011..). http://www.un.org/en/members/), а нивната вкупна популација брои околу 740 000 000 (World Population Prospects: The 2012 Revision"). Особеностите со кои се карактеризира современа Европа, инспирирани се од културното минато на истата. Множеството на различни етнички заедници, придонесуваат за различните културни матрици со кои таа се издвојува. Во Европа денес има 87 етнички групи, кои се особени за европското тло, од кои 33 имаат мнозинство во најмалку една од суверените држави, додека останатите 54 сочинуваат етнички малцинства, Вкупниот број на етнички малцинства во Европа се проценува на околу 105 000 000, или околу 14% од вкупното население на Европа. (Christoph Pan, Beate Sibylle Pfeil (2002), Minderheitenrechte in Europa. Handbuch der europäischenVolksgruppen) (http://www.nationsonline.org/oneworld/european_languages.htm)

Табела 1:

| Држава | Официјални и национални јазици | Останати употребувани јазици |
|---|---|---|
| Албанија | Албански (Тоска, е официјален дијалект) | Албански (Гега дијалект), Грчки, Италијански) |
| Андора | Каталонски | Француски, Кастилијански, Португалски |
| Австрија | Германски, Словенечки (официјален во Каринтија), Хрватски и Унгарски официјален во Бургенланд) | |
| Белорусија | Белоруски, Руски. | |
| Белгија | Фламански 60%, Француски 40%,Германски, под 1% | |
| Босна и Херцеговина | Бошњачки, Српски и Хрватски | |
| Бугарија | Бугарски | Турски |
| Хрватска | Хрватски | |
| Кипар | Грчки, Турски и Англиски | |
| Чешка | Чешки | |
| Данска | Дански | Стандарден Германски |
| Естонија | Естонски | Руски, Украински и Фински |
| Финска | Фински 93.4%, Шведски 5.9% | Лапонски(Саами) и Руски (мали заедници) |
| Франција | Француски | |
| Германија | German (Deutsch) | |
| Грција | Грчки | Турски (северна Грција) |
| Унгарија | Унгарски | Германски, Романски |
| Исланд | Исландски | Англискиот, Нордиските јазици и Германскиот јазик се во широка употреба |
| Ирска | Ирски (Гелахт), Англиски | |
| Италија | Италијански | |
| Латвија | Латвиски | Литвански, Руски |
| Лихтенштајн | Германски | |
| Литванија | Литвански | Полски, Руски |
| Луксембург | Луксембуршки | во службена Француски и Германски |
| Македонија | Македонски 68%, Албански25% | |

| | | |
|---|---|---|
| Малта | Малтешки | Англиски |
| Молдавија | Молдавски (идентичен со Романски), | Руски, Гагауски (турски дијалект |
| Монако | Француски | Монегашки, Англиски, Италијански |
| Црна Гора | Српски (ијекавица) | |
| Холандија | Холандски | |
| Норвешка | Норвешки (нинорск и букмал) | Лапонски, Фински |
| Полска | Полски | |
| Португалија | Португалски | |
| Романија | Романски | Унгарски, Германски |
| Русија | Руски | |
| Сан Марино | Италија | |
| Србија | Српски 95%, Албански 5% | |
| Словачка | Словачки | Унгарски |
| Словенија | Словенечки | |
| Шпанија | Шпански (Кастилијански) 74%, Каталонски 17%, Галициски 7%, Баскиски 2% | Забелешка: Кастилијанскиот е национален, а останатите се регионални јазици |
| Шведска | Шведски | Лапонски и Фински (малцински) |
| Швајцарија | Германски 63.7%, Француски19.2%, Италијански 7.6%, Романш 0.6% | |
| Турција | Турски | Курдски, Арапски, Ерменски, Грчки |
| Украина | Украински | руски |
| Обединето Кралство | Англиски | Велшки (околу 26%од Велшката популација), Шкотска форма на Келтски(околу 60,000 во Шкотска) |
| Ватикан | Латински, Италијански | Француски, и многу други јазици |

http://www.nationsonline.org/oneworld/european_languages.htm

Sources: Ethnologue, ISO Country Names (ISO 3166-1), ISO Languages Names (ISO 639-1), CIA World Factbook and others.

*3. Европски граници-статус*

Овие различни карактеристики, придонесуваат за меѓусебни влијанија на различен план, од миграциски текови, па се до размена на културни матрици. Голема улога во тоа има отвореноста на Европската Унија и нејзината политика на Европа без граници. Во 21 век, по нејзина иницијатива, речиси сите Европски држави, кои не се членки на ЕУ, имаат визна либерализација, освен земјите кои се поранешни членки на СССР, а кои немаат членство во ЕУ.

Шенген договорот (Schengen Agreement) кој е потпишан на 14 Јуни 1985, во градот Шенген, Луксембург, но реализиран во 1995 година, претставува алатка, преку која постои слободен проток на луѓе и слободен пазар помеѓу неговите членки. Стремежот за негово имплементирање во целата Европска зона претставува главен придонес кон градење на Европа без граници ( Respectively Articles 2, 6 and 7 of the Schengen Agreement).

Сето ова ја изложува Европа на директно влијание на глобалните текови, кои се светски, а не само европски. Токму затоа, глобализацијата како процес има огромно влијание кон креирање и менување на нејзината свест.

## *II. Религиозноста во современа Европа*

### *1. Значење и практика*

Современите држави во Европа, усвојувајќи го концептот на демократија и секуларност, определуваат рамка во која религиите се движат во однос на нивните надворешни пројави, т.е никакво ограничување во поглед на членството, бројноста на храмовите, религиозните училишта, медиумското присуство, немешање во кадровската политика и сл. Таа рамка воглавно е иста во секое од денешните европски општества и е во согласност со секуларниот концепт на современа Европа, во која секој има право на практикување на својата религија која е сметана пред сѐ за лична определба на секој поединец, т.е граѓанин, а е во согласност со мирот и стабилноста која државата ги гарантира.

Овие карактеристики се условени од една специфична ситуација во која религијата се нашла во 20 век. Особеностите со кои западот се карактеризирал се политичките слободи и мултипартитност, додека истокот пак, бил под доминација на Советскиот Сојуз, кој својот политички концепт (еднопартиски и тоталитарен систем) го наметнал во неговата зона на влијание. Голема улога во оваа ситуација има односот кон религијата на овие два политички концепти. Додека на запад религијата била прашање на лична определба на секој поединец, концептот на исток бил дека, иако религијата е составен дел на слободата на човекот (според марксистичката доктрина која била официјална идеологија во Советскиот Сојуз и неговите подложни на влијание држави), таа претставува кочница за создавање на просперитетно општество базирано на комунистички принципи. Секој обид за разбирање на реалноста на религиски начин, била сметана за уназадување на самото општество. Па, според истите верувања, религијата била претставувана како "алатка во рацете на владејачката класа за контрола на масите" ( Raines, John. 2002:5-6).

## *2. Современа состојба*

Преку динамичните општествени промени во посткомунистичките земји и Христијанството доживува промени во социјален контекст. Имено, долго потиснуваните религиски слободи, кои во најдобар случај биле дозволени само во некои молитвени домови, но никако и како општествено движење, се јавуваат како ревитализирање на претходната нивна моќ во самите општества. Во поглед на религиозноста претставена е “листа на земји во Европа, според значење на религијата врз основа на анкетата на Галуп од 2009. Анкетата на Галуп користи основно прашање: "Дали религијата е важна во вашиот секојдневен живот?"; Одговорите "да" или "не" се претставени подолу (разликите се резултат на одговор "не знам " и " одбива да одговори ").

Табела 2:

| **Држава** | **Да** | **Не** |
|---|---|---|
| Естонија | 16% | 78% |
| Шведска | 16.5% | 83% |
| Данска | 18% | 80.5% |
| Чешка | 20.5% | 74.5% |
| Норвешка | 20.5% | 78% |
| Обединето кралство | 26.5% | 73% |
| Финска | 28% | 70% |
| Франција | 29.5% | 69.5% |
| Холандија | 33% | 66.5% |
| Белорусија | 33% | 57.5% |
| Русија | 33% | 60.5% |
| Албанија | 32.5% | 62% |
| Бугарија | 33.5% | 62% |
| Латвија | 39% | 58.5% |
| Белгија | 33% | 57.5% |
| Унгарија | 39% | 58.5% |
| Словенија | 47% | 52.5% |
| Азербејџан | 49.5% | 48.5% |
| Шпанија | 49.5% | 50% |
| Германија | 40.5% | 59% |
| Швајцарија | 41.5% | 56% |
| Украина | 45.5% | 48.5% |

| | | |
|---|---|---|
| Литванија | 41.5% | 49.5% |
| Словачка | 46.5% | 51.5% |
| Црна Гора | 45.5% | 48% |
| Србија | 50.5% | 46.5% |
| Казахстан | 43% | 48.5% |
| Австрија | 55% | 43% |
| Ирска | 53.5% | 46.5% |
| Молдавија | 71.5% | 19% |
| Хрватска | 66.5% | 30.5% |
| Грција | 71.5% | 29.5% |
| Ерменија | 72.5% | 25% |
| Босна и Херцеговина | 66% | 29.5% |
| Португалија | 71.5% | 26% |
| Италија | 71.5% | 26% |
| Кипар | 75% | 24.5% |
| Полска | 74.5% | 19.5% |
| Грузија | 80% | 16% |
| Македонија | 78.5% | 20.5% |
| Романија | 84% | 12.5% |
| Турција | 89.5% | 9.5% |

(http://www.gallup.com/poll/).

## *III. Христијанството во современа Европа*

Христијанството е историски доминантно во Европа, како религиски, така и општествено. Па, токму тука ја гледаме врската на современите европски држави и христијанскиот концепт. Современите европски општества се очигледен пример, како динамиката на глобалниот свет има исклучително влијание врз христијанската свест интегрално, па дури и во креирањето на различен пристап кон глобалните процеси и во самите христијански заедници и нивните прописи, а кои се однесуваат на истите. Христијанството, како доминантна религија во Европа е најизложено на сите општествени придвижувања. Односот кон современа Европа е специфично за секоја христијанска група и околностите во кои тие се наоѓаат.

### *1.Статистичка анализа*

"Христијанството е најголемата религија во Европа. Според студија од 2012 година за религиозноста во Европската унија во 2012 година од страна на Евробарометар, Христијанството е најголема религија во Европската унија (72% од населението на ЕУ), римокатолиците се најголемата христијанска група во ЕУ, 48 % од населението во ЕУ, протестантите претставуваат 12%, а православните претставуваат 8% , како и други христијани 4%" (Discrimination in the EU in 2012" (PDF), Special Eurobarometer, 383 (European Union: European Commission), 2012: 233, retrieved 14 August 2013), додека во цела Европа 75 % од целокупното население (исклучувајќи го азискиот дел на Русија, а вклучувајќи го европскиот дел на Турција) се сметаат за христијани".
(http://www.pewforum.org/2011/12/19/global-christianity-regions/#europe).

Во современа Европа христијанските заедници претежно се мнозинство од целокупното население, освен во 5 (пет) држави (Албанија, Босна и Херцеговина, Турција, Казахстан и Азербејџан), каде што Исламот е доминантна религиска определба за мнозинството население.

Во современа Европа под Христијанство подразбираме збир на цркви, кои секоја на свој начин влијае повеќе или помалку врз општеството, од кои три главни христијански групи (според бројноста на нивните членови) се:

-Римокатоличката црква

-Православната црква

-Протестантските цркви




*Source: San Jose / Wikimedia Commons*

*2. Римокатоличка црква*

Римокатоличката црква е верска заедница која своето постоење во денешен облик го има од 1054 година, по настанот наречен Голема Шизма (Great Schism), кој претставува прекинување на евхаристиското единство со Источната црква (Bayer, Axel 2002). Нејзиното седиште е во Ватикан, кој самиот претставува град-држава и возглавувана е од поглавар кој се нарекува Папа, кој претставува Римски епископ (Stanford, Peter 2011). Таа е најбројна поединечна верска заедница во светот со околу 1,250 000 000 членови (Vatican statistics report church growth remains steady worldwide". National Catholic Reporter. 2 May 2015. Retrieved 1 July 2015).

Канон (Canon) 360: "Таа е управувана од врховен Понтиф, кој ги извршува работите од областа на универзалната Црква преку Римската Курија (Curia), која ја врши својата функција во негово име и од негова надлежност, за добро и услуги на црквите. Римската Curia се состои од Секретаријат на државата или Секретаријат на папата, Совет за односи со јавноста на Црквата, собранија, судови и други институции; уставот и компетентноста на сите се дефинирани со посебен закон;

Канон (Canon) 361: "Терминот апостолска или света Столица се однесува не само римскиот Понтиф , туку и на Секретаријатот на државата (Ватикан), Советот за односи со јавноста на Црквата и други институти на Римската курија , освен ако поинаку не е одредено од природата на работата или во контекст на зборовите"( Code of Canon Law, )". "Римокатоличката црква има хиерархија која се состои од епископи, свештеници и ѓакони" (Catechism of the Catholic Church, 873). Истата има 2834 дијацези (Vatican, *Annuario Pontificio* 2012, p. 1142.), а "секоја дијацеза се дели на парохии, кои имаат најмалку еден свештеник" (Barry:52). "Во Европа, Римокатоличката црква има членство од околу 40% од целокупното население" ( "Number of Catholics on the Rise". *Zenit News Agency. 27 April 2010.* Retrieved 2 May 2010).

Римокатоличката црква е доминантна во Австрија, Франција, Италија Шпанија, Португалија, Ирска, Белгија, Луксембург, Полска, Чешка, Словачка, Унгарија, Словенија, Хрватска, Литванија, Малта, Монако, Лихтенштајн, Андора и Сан Марино, додека во останатите е во поголем или помал процент.

Табела 3 :

| Држава | Римокатолици | Население | Процент | Дијацези | Вкупно свештеници | Ѓакони | Парохии |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Италија | 57,665,000 | 59,725,000 | 96.55% | 225 | 50,148 | 2,850 | 25,694 |
| Франција | 44,499,000 | 58,905,000 | 75.54% | 98 | 21,930 | 1,857 | 18,844 |
| Шпанија | 37,165,000 | 42,335,000 | 87.79% | 70 | 25,281 | 176 | 22,680 |
| Полска | 35,010,000 | 37,109,000 | 94.34% | 44 | 28,457 | 3 | 10,421 |
| Германија | 26,297,000 | 82,727,000 | 31.79% | 29 | 18,365 | 2,494 | 12,488 |
| Португалија | 9,457,000 | 10,460,000 | 90.41% | 21 | 3,936 | 147 | 4,395 |
| Белгија | 7,775,000 | 10,292,000 | 75.54% | 9 | 7,279 | 558 | 3,949 |
| Унгарија | 6,056,000 | 10,402,000 | 58.22% | 16 | 2,175 | 52 | 2,221 |
| Австрија | 5,755,000 | 7,982,000 | 72.10% | 12 | 4,360 | 425 | 3,058 |
| Холандија | 5,042,000 | 16,117,000 | 31.28% | 8 | 3,418 | 310 | 1,520 |
| Обединето Кралство | 4,787,000 | 56,276,000 | 8.51% | 32 | 5,653 | 612 | 3,099 |
| Украина | 4,766,000 | 64,915,000 | 7.34% | 19 | 2,770 | 11 | 4,026 |
| Ирска | 4,161,000 | 5,467,000 | 76.11% | 26 | 4,690 | 1 | 1,312 |
| Словачка | 3,942,000 | 5,395,000 | 73.07% | 9 | 2,628 | 20 | 1,507 |
| Хрватска | 3,867,000 | 5,259,000 | 73.53% | 15 | 2,329 | 1 | 1,603 |
| Чешка Република | 3,519,000 | 10,284,000 | 34.22% | 9 | 1,996 | 152 | 3,139 |
| Швајцарија | 3,186,000 | 6,914,000 | 46.08% | 8 | 3,000 | 157 | 1,662 |
| Литванија | 2,766,000 | 3,457,000 | 80.01% | 8 | 779 | 4 | 677 |
| Романија | 1,875,000 | 21,709,000 | 8.64% | 12 | 1,733 | 4 | 1,430 |
| Словенија | 1,623,000 | 1,997,000 | 81.27% | 3 | 1,150 | 8 | 803 |
| Белорусија | 1,030,000 | 10,310,000 | 9.99% | 4 | 371 | | 402 |
| Русија | 789,000 | 147,125,000 | 0.54% | 5 | 268 | 3 | 426 |
| Србија | 541,000 | 9,878,000 | 5.48% | 7 | 251 | 7 | 265 |
| Босна и Херцеговина | 464,000 | 2,981,000 | 15.57% | 3 | 627 | 1 | 276 |
| Латвија | 430,000 | 2,381,000 | 18.06% | 4 | 135 | 1 | 267 |
| Луксембург | 388,000 | 448,000 | 86.61% | 1 | 248 | 7 | 275 |
| Малта | 368,000 | 386,000 | 95.34% | 2 | 925 | | 79 |
| Ерменија | 270,000 | - | | 2 | 23 | | 48 |
| Албанија | 235,000 | 2,460,000 | 9.55% | 4 | 48 | | 72 |
| Казахстан | 182,000 | 15,889,000 | 1.15% | 4 | 74 | | 46 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Шведска | 144,000 | 8,977,000 | 1.60% | 1 | 151 | 23 | 41 |
| Грција | 123,000 | 11,862,000 | 1.04% | 11 | 90 | 3 | 86 |
| Бугарија | 74,000 | 8,000,000 | .93% | 3 | 52 | | 56 |
| Норвешка | 55,000 | 4,556,000 | 1.21% | 3 | 70 | 3 | 32 |
| Данска | 35,000 | 5,501,000 | .64% | 1 | 77 | 5 | 50 |
| Монако | 29,000 | 32,000 | 90.63% | 1 | 18 | 1 | 6 |
| Турција | 28,000 | - | | 6 | 61 | 2 | 43 |
| Лихтенштајн | 25,000 | 33,000 | 75.76% | 1 | 29 | | 10 |
| Молдавија | 20,000 | 4,247,000 | 0.47% | 1 | 14 | 1 | 11 |
| Македонија | 14,000 | 2,350,000 | 0.60% | 2 | 15 | | 7 |
| Кипар | 10,000 | 780,000 | 1.28% | 1 | 7 | | 9 |
| Финска | 8,000 | 5,206,000 | 0.15% | 1 | 16 | 1 | 7 |
| Естонија | 5,000 | 1,370,000 | 0.36% | 1 | 14 | | 6 |
| Исланд | 5,000 | 290,000 | 1.72% | 1 | 11 | | 4 |

http://www.catholic-hierarchy.org/country/sc1.html

---

## 2.1. Источно католички цркви

Освен Римокатоличката црква која се нарекува и Латинска, постојат и тн. “источно католички” цркви кои имаат византиски обред, но се во единство со Рим.

Табела 4:

| Име | Статус | Членство | Епархии | Епископи |
|---|---|---|---|---|
| Албанска источно католичка | Епархија | 3,845 | 1 | 1 |
| Ерменска католичка | Патријархат | 1,000,000 | 17 | 15 |
| Бугарска источно католичка | Епархија | 10,000 | 1 | 1 |
| Источно католичка на Србија, Хрватска и Црна Гора | Епархија | 58,915 | 3 | 4 |
| Грчка источно католичка | Епархија | 2,525 | 2 | 1 |
| Унгарска источно католичка | Митрополија | 290,000 | 3 | 2 |
| Итало-албанска источно католичка | Епархија | 61,487 | 3 | 2 |
| Македонска источно католичка | Апостолски Егзархат | 15,037 | 1 | 2 |
| Романска црква обединета со Рим (источно-католичка) | Архиепископија | 160,000 | 6 | 8 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Словачка источно-католичка | Митрополија | 239,394 | 4 | 5 |
| Украинска источно-католичка | Архиепископија | 5,350,735 | 31 | 44 |

Eastern Catholic Churches, 2010; data from CNEWA (Roberson, Ronald. "The Eastern Catholic Churches 2010" (PDF). *cnewa.org*. Catholic Near East Welfare Association. Retrieved August 22, 2010.

*3. Православна Црква*

Источно православната црква, претставува верска заедница која својот континуитет го врзува со самите почетоци на Христијанството (Матеј 28:16-20; Марко 16: 14-18; Лука 24: 44-49) (Hardon: 217). Таа има три степени на свештенство: епископи, свештеници и ѓакони (Браницкий, Корнилов, 2013: 22-23, 173-174). Нејзиното управување не е централистичко, туку регионално. Таа се состои од афтокефални и автономни цркви, од кои последните се потчинети во одреден степен на некоја од Автокефалните. Секоја од нив е возглавена од поглавар, а неговото титулирање зависи од статусот на помесната црква на која е поглавар, (на пр. Патријаршија-Патријарх, Архиепископија-Архиепископ, Митрополија-Митрополит) ( Meyendorff, John : 1963). Источно православната црква, претставува втора по бројност христијанска група во светски рамки со околу 225,000,000-300,000,000членови.
(*http://christianity.about.com/od/easternorthodoxy/p/orthodoxprofile.htm*), *а истиот тој* соодност го има и во Европа. Доминантна е во Русија, Украина, Белорусија, Романија, Молдавија, Србија, Македонија, Бугарија, Црна Гора, Грција, Кипар и Грузија. Додека во останатите Европски земји нејзиниот процент е релативно помал.

Табела 5:

| **Држава** | **Вкупно население** | **Источно православни %** | **Источно православни (вкупно)** |
| --- | --- | --- | --- |
| Албанија | 2,921,977 | 6.75% | 188,992 |
| Ерменија | 3,262,200 | 0.04% | 1,200 |
| Австрија | 8,602,112 | 2.2% | 190,000 |
| Азербејџан | 9,624,900 | 2.5% | 240,000 |
| Белорусија | 9,481,000 | 48.3% | 4,590,000 |
| Босна и Херцеговина | 3,871,643 | 31% | 1,200,000 |
| Бугарија | 7,348,328 | 59.4% | 4,374,135 |
| Хрватска | 4,284,889 | 4.44% | 195,969 |
| Кипар | 838,897 | 89.1% | 781,900 |
| Чешка Република | 10,538,275 | 0.2% | 20,533 |
| Естонија | 1,294,486 | 13.66% | 176,773 |
| Финска | 5,477,359 | 1.10% | 59,000 |
| Грузија | 3,729,635 | 82.1% | 3,550,000 |
| Германија | 80,716,000 | 1.87% | 1,500,000 |
| Грција | 10,815,197 | 70% | 7,800,000 |
| Италија | 60,795,612 | 1.5% | 900,000 |
| Казахстан | 17,948,816 | 23.9% | 4,300,000 |
| Латвија | 2,027,000 | 17.9% | 370,000 |
| Литванија | 2,966,954 | 4.1% | 125,189 |
| Македонија | 2,022,547 | 64.8% | 1,310,184 |
| Молдавија | 3,383,332 | 93.3% | 3,158,015 |
| Црна Гора | 625,266 | 72.0% | 446,858 |
| Полска | 38,186,860 | 0.4% | 156,000 |
| Романија | 20,121,641 | 81.9% | 16,307,004 |
| Русија | 145,500,000 | 73% | 106,000,000 |
| Србија | 7,186,862 | 84.59% | 6,079,396 |
| Словачка | 5,397,036 | 0.9% | 49,133 |
| Словенија | 2,055,496 | 2.2% | 45,000 |
| Шпанија | 46,464,053 | 3.10% | 1,500,000 |
| Шведска | 9,775,572 | 1.0% | 97,000 |
| Швајцарија | 8,211,700 | 1.7% | 140,000 |
| Турција | 77,695,904 | 0.8% | 60,000 |

https://www.cia.gov/library/publications/the-world-factbook/fields/2122.html

*4. Ориентално православни цркви* се верски заедници кои во својот назив го инкорпорираат зборот “ориентална”, за да се разликуваат од источно православните цркви. Ориенталните цркви настануваат поради несогласување со одлуките на Четвртиот Вселенски Собор (Халкидонски собор) од 451 год.( Richard Price, Michael Gaddis 2006:1–5).

*4.1.Ориентално православната црква* е доминантна во Ерменија со 96%, членство http://www.oikoumene.org/en,

од 3,238,000 население. (http://www.armstat.am/file/doc/99458058.pdf).

*5. Протестантски Цркви*

Протестантските заедници претставуваат верски организации, кои во Европа се присутни во три главни групи: Лутеранство, Англиканизам и Калвинизам. Своето постоење во денешна форма го имаат преку отцепување од крилото на Римокатоличката црква.

*5.1. Лутеранството* е правец во Христијанството кој настанал како последица на обидот на Мартин Лутер, германски свештеник, да воведе реформи во Римокатоличката црква на која ѝ припаѓал, преку објавување на 95 Тези на 31 Октомври 1517, во кои ги изложил своите видувања (Oberman, Heiko, 1990:190). Реформацијата резултирала со формирање на посебна група која се нарекува Лутеранска, т.е Евангелистичка црква.

*5.2.. Англиканизмот* е правец во Христијанството кој го следи англиканската заедница, која својот зачеток го има во Црквата на Англија, која по иницијатива на Кралот Хенри VIII во 1534 ја прекинала црковната заедница со Римокатоличката црква. http://anglican.org/church/ChurchHistory.

*5.3. Калвинизмот* е правец кој го следат реформските цркви, а кои своето постоење го базираат врз учењето на Жан Калвин, Улрих Цвингли и Џон Нокс. (Kuyper, Abraham, 1898-99).

*6. Статистичка анализа*

Протестантските заедници се доминантни во Шведска, Данска, Норвешка, Финска, Обединетото Кралство, Естонија, Латвија, Холандија и Исланд. Додека Германија и Швајцарија се земји во кои Римокатоличката црква и протестантските заедници се во речиси еднаков процент.

Табела 6:

| Држава | Процент на протестантско население, од вкупниот број на жители во дадената држава. |
|---|---|
| Ерменија | 1% |
| Австрија | 4.9%, |
| Белорусија | Непознато |
| Белгија | 25% |
| Босна и Херцеговина | 14% |
| Бугарија | 1.7% |
| Хрватска | 1.5% |
| Кипар | 2%, |
| Чешка република | 1.1%, |
| Данска | Лутерани 80%, |
| Естонија | Лутерани 9.9%, |
| Финска | Лутерани 78.4%, |
| Франција | Франција ја одржува традицијата на секуларизмот и официјално не собира податоци за верската припадност на населението од пописот во1872, со што се отежнува проценката на верскиот состав на Франција ; според законот од 1872 година за забрана на државните органи за собирање податоци за етничката припадност или религиозни убедувања за поединците, а потврдена од страна на законот од 1978 година нагласувајќи ја забраната за собирање |

| | |
|---|---|
| | или експлоатација на лични податоци кои го откриваат расата, етничката припадност или политички , филозофски или религиозни убедувања на поединецот; закон кодифициран 1905 за одвоеност на црквата и државата. |
| Грузија | Непознато |
| Германија | Лутерани 34%, |
| Грција | Непознато |
| Велика Британија | (Англикани, презвитеријанци, методисти)59,5%Забелешка:Во вкупниот процент се вметнати и припадниците на Римокатоличката црква. |
| Унгарија | Калвинисти 11.6%, Лутерани 2.2%, |
| Исланд | Лутерани 73.8%, слободна црква на Рејкјавик 2.9%, Хафнарфјордур слободна црква 2%, The независна конгрегација 1%, |
| Ирска | 2.7%, |
| Италија | Непознато |
| Касахстан | 0.2%, |
| Латвија | Лутерани19.6%, |
| Лихтенштајн | Реформирани( Калвинисти) 6.5%, Лутерани 1.3%, |
| Литванија | Лутерани 0.6%, Реформирани( Калвинисти) 0.2%, |
| Луксембург | Непознато |
| Македонија | Непознато |
| Малта | Непознато |
| Молдавија | Баптисти 1%, |
| Монако | Непознато |
| Црна Гора | Непознато |
| Холандија | 19% (Холандска реформирана црква 9%, Протестантска црква на Холандија, 7%, Калвинисти 3%), |
| Норвешка | Лутерани 82.1%, |

| | |
|---|---|
| Полска | 0.4% (претежно евангелисти и пентикосталци), |
| Португалија | Непознато |
| Романија | Различни варијации на реформирани и пентикосталци 6.4%, |
| Русија | Непознато |
| Србија | 1%, |
| Словачка | 8.2%, |
| Словенија | Непознато |
| Шпанија | Непознато |
| Шведска | Лутерани 87%, |
| Швајцарија | 26.9%, |
| Турција | Непознато |
| Украина | Непознато |

https://www.cia.gov/library/publications/the-world-factbook/fields/2122.html

*(Забелешка: во графата каде што е наведено-непознато, не е возможно да се одреди точниот процент на припадниците на протестантските заедници, со оглед дека истите се вбројуваат заедно со останати непротестантски групи на христи-јани, а кои се малцински христијански заедници или пак, малцински верски заед-ници во дадените држави, според официјалните податоци на самите држави).*

## *4. Глобализацијата и секуларноста во современа Европа*

### *1. Глобализација*

"Глобализацијата е интернационална интеграција која се издига преку размена на светските гледишта, продукти, идеи и останати аспекти на културата" (Al-Rodhan, R.F. Nayef and Gerard Stoudmann 2006) карактеристика е на модерните (вклучително и европските) општества и ги прави особено подложни на унифицирање, преку спој на културни, политички, финансиски, но и поконкретно, религиски елементи. Поради тоа, глобализацијата претставува тенденција да се направи заеднички контакт на модерните општества помеѓу себе, за да се споделат карактеристиките кои секоја од нив ги поседува. Епохата на модерното, постиндустриско општество, се поклопува со создавањето на националните држави и либералниот капитализам. Сето тоа, ширум ги отвори вратите на глобализацијата. Индустриската револуција, урбанизацијата на општеството, развојот на природните науки пред сè, на науката и технологијата, информацискиот систем и новите медиуми..., создадоа од светот "глобално село", односно, беше овозможен пристап до сè, на слободен начин (Stipe Tadic, 2011).

Глобализацијата и нејзините одлики упатуваат на постоење на една константа, која се карактеризира со особености како и многу други општествени појави. Самите тие појави упатуваат на мнение, дека секое движење предизвикано од општеството како целина или пак, како некој негов дел, претставува некакво мешање на одредени народи или групи во секојдневните процеси еден на друг. Аплицирајќи го истото кон појавата на глобализацијата, кај неа може да забележиме дека има варијабли на процеси.

Рицер вели: "Глобализацијата е транспланетарен процес кој вклучува зголемен проток и растечки мулти-директивни текови, како и структури кои што се пресретнуваат и се создаваат" (Ritzer, George, 2009: 2).

Оваа дефиниција за глобализацијата ни дава навистина јасна слика за што всушност станува збор. Секако, полето на Социологијата дозволува одредени

пошироки маргини на делување и на објаснување на појавите кои во себе истата ги вклучува, па поради тоа, глобализацијата најчесто се гледа од современ аспект. Денешната држава е покомплексна од кога и да е. Инфериорноста на локалното кон глобалното предизвикува своевиден парадокс, па ќе забележиме дека почесто локалното тежнее кон глобалното, а не обратно, како што изгледа на прв поглед. Иако глобализацијата има широк спектар на теми и можности, сепак модернистите, нивното разбирање на оваа тематика го сведуваат главно на тоа дека развојот на модерната држава зависи од нејзината способност да се преобликува и да е прогресивна на секакво општествено поле, независно од тоа колкава популација има, или пак, колкава територија поседува. Природниот нагон на гравитирање кон посилниот, кој е на повисоко општествено скалило, е моторот на денешниот развој на глобалното. Андре Гунтер Франк овде влегува во конфликт со модернистите следејќи ја својата теорија на зависноста (која е)... “историска состојба која обликува одредени структури на светската економија, фаворизирајќи некои земји на штета на другите и ограничувајќи ги можностите за развој на потчинетите економии ... ситуација во која економијата на одредени група на земји е условена од развојот и проширувањето на друга економија, на која таа е подложена” ( Ferraro, Vincent 2008:58-64). На овој начин Франк ги предизвикува модернистите, сметајќи дека земјите вкоренети во традиционализмот се намерно потчинети од посилните и држени се во таков дух со цел да останат потчинети. Секако, притоа мислејќи на карактеристиките на општествата кои не се менуваат воопшто, или пак се менуваат, но не толку драматично. Модернистите одговараат посочувајќи, дека и модерните општества самите некогаш биле на скалилото на неразвиените и дека постои степенување во историскиот контекст на нивниот развој. Гиденс од своја страна признава дека дека “модернитетот е (навистина) пост-традиционален. Општеството не може да биде целосно модерно, ако ставовите, дејствијата или институциите се значително под влијание на традициите, бидејќи ако суштината на примената на традицијата е вршење на работите само затоа што луѓето ги правеле (истите) во минатото тоа е спротивно на модерната рефлексивност”. Тој се обидува да ги помири овие спротивставени

страни дополнувајќи, дека “општествата кои се обидуваат да се модернизираат во институционална смисла, а во себе не сакаат да инкорпорираат некои традиции, ...веројатно ќе пропаднат во нивниот обид да бидат успешни” (Giddens, Anthony 2001).

Истите појави, од своја страна се гледаат и низ призмата на наметнатите влијанија. Во смисла дека секој обид одредена група, заедница, народ, држава односно држави, со крајна цел да биде наметнат начин на живот, претставува негативен оддек на глобализирање. Токму поради тоа, секое разбирање на единството помеѓу народите и нивното глобално добро е релативно. Не секоја преданост е доброволна и не секое општествено верување на еден народ или држава е во склад со уредувањето на државата на посилниот поради посупериорната економска кондиција, туку единствено поради повисоката глобална позиција. На тој начин, моќните глобални актери можат да се обидат да ја потиснат локалната идеја, која и да е таа. Овие појави особено се очигледни при појавата на ривалитет, најчесто помеѓу две страни кои се обидуваат на својата страна да привлечат сојузници, кои понатаму ќе учествуваат во нејзиниот пазарен систем, секако доведувајќи ги во нивното гравитациско поле на потполно влијание во скоро секоја сфера на секојдневниот живот.

Сите карактеристики на овие човечки категории ја осмислуваат државата и нејзината реализација, во однос на видливото обединување на општеството. Но, сама по себе државата е немоќна пред предизвикот да осмисли категоризација на духовните потреби на луѓето, туку само ја осмислува нивната надворешна пројава во смисла на секуларноста и религиите. Несомнено е дека сите цивилизациски особености на луѓето морале некаде да се реализираат, за да можат самите себе да се оправдаат, односно внатрешните духовни процеси. Во тој миг државата престанува да нуди свои решенија. Токму овде се сместуваат религиските процеси, кои низ историјата имале многу карактеристични пројави. Самите тие се карактеризираат со голема социолошка конотација и аспекти на делување. Карактеристични се по својата форма, практика и афирмација. Истото пред сè, се

согледува во нивното внатрешно устројство, обреди и учење. Нема да се обидуваме да ги расчлениме самите форми и практики кои се предмет на проучување од страна на други науки, но самата најава на нивната афирмација, секако е и повеќе од добредојдена за социолошкиот пристап. Ако глобализацијата ја гледаме како континуиран процес или пак, во најмала рака тенденција уште од најдамнешни времиња, ќе забележиме дека религиските системи кои немаат амбиција да се прошират ниту малку подалеку од сопствениот етникум, или било каква организирана заедница, никогаш не ги преминале своите граници и обратно.

### *1.2.Глобалната економија*

Светот во голема мера избира економска благосостојба пред сите останати вредности кои се протегаат низ минатото, или се карактеристични за одредена општествена заедница. Ако тоа не било случај во минатото сега è, а најизразено е во основа, во глобализирањето на светските пазарни можности и потенцијал преку современите можности за проток на најразлични видови на средства за широка потрошувачка. Затоа, економската глобализациска специфичност, секојдневно руши бариери. Светот и во минатото исто така бил во можност да наметнува општи пазарни вредности, но поради произведувачкиот капацитет ориентиран кон задоволување само на секојдневните потреби на храна и облека, бил неверојатно ограничен. Па така, постепено, преку индустриската револуција, развојот на индустриските гранки и пред сè, услужната дејност, светот влегол во една нова ера, ера на голема понуда и побарувачка која економијата ја вивнува вртоглаво. Сите ресурси ниту една држава поединечно не ги поседува. Тоа станува очигледно кога членовите на една општествена структура како што е државата, имаат амбиции да поседуваат производи или да користат услуги кои што ги нема во нивното опкружување, па посегнуваат по оној кој тоа го има. Економските показатели велат дека речиси сите денешни држави не се самодоволни и начинот на живот ги принудува да се ослонат на глобализацијата, користејќи ги нејзините економски бенефиции. Бауман има дефиниција за оваа појава, која тој ја продлабочува нарекувајќи ја “конзумација”: “...Општество на конзумери...претставува оп-

штество кое го промовира, охрабрува и наметнува изборот на конзумирачкиот животен стил и животна стратегија и не прифаќа алтернатива на друго културолошко мислење. Општество кое ги адаптира принципите на културата на конзумација и слепо ги следи до практикување (на истите)...гледајќи ги како единствен избор и издигнувајќи ги до состојба на членување (како во организација)"( Bauman Zygmunt 2007:53). Сето тоа произведува ривалитет на многу полиња што може, но и не мора да се сфати како битка, затоа што крајниот исход е релативен за секого. Причините за тоа можат да се најдат во бројноста на населението на одредена држава, или пак во учеството на заеднички пазари. Токму затоа, тенденцијата да се учествува на глобалниот пазар и политички организации кои го поткрепуваат истиот, е неминовна. Можеби во тој миг диверзитетот на економската моќ го достигнува врвот на глобалните амбиции. Како главен критичар на оваа појава го гледаме Рикард Мунх кој забележува дека "неконтролираното трошење на ресурсите и масивното ниво на културно отуѓување, ја доведува во опасност и самата држава која полека, под велот на економските слободи, ја губи контролата и полека ја препушта на глобалните економски текови" (Трајковски, Ило 2006:163). Секако, индивидуалноста на пристапот спрема идејата на слободните пазари во голема мера сѐуште е запазена, но објаснувањето на Мунх ја најавува тенденцијата на идните поставувања на глобалните економски процеси. "Глобализираната трговија, ланецот на добавување на продуктите и политичките сили, перманентно го менуваат светот, на подобро или на полошо. Трката низ глобализацијата се забрзува, а бизнис организациите и нивните практики ќе продолжат да растат" Friedman, L. Thomas 2008:49). Некои сметаат дека таа придонесува да се развијат неразвиените пазари, отворајќи ги вратите за нивното слободно тргување, а други дека економската глобализација создава економска зависност, и едноставно некои нејзини чинители ги става во потполно незавидна положба на уценети. И поради тоа на глобален план е директен причинител на општествената стратификација. Хоркхајмер вели дека: "менаџирањето со капиталистичките конгломерати е во тесна врска со политичките елити и поради тоа социјалната интеграција може да прерасне во централи-

зирана административна доминација” ( кај Giddens, Anthony and Turner, H. Jonathan 1987:354). Во тој контекст, христијанскиот однос кон економскиот предизвик на глобализирана Европа и рефлексијата што истото го има врз христијанската свест, (со оглед на тоа што економскиот карактер на заедницата во голема мера игра голема улога во креирањето на јавното мислење и дека црквите и нивната мисија и во овој дел треба да бидат проактивни), Евангелистичката црква на Германија го дава следново видување: “Нашата вера исповеда дека " Господова е земјата, и она што ја исполнува вселената и сѐ што живее на неа" (Пс. 23,1). Нашиот поглед на одговорен начин да се уредува глобалната економија се базира на нашата од Бога дадена слобода и одговорен пристап спрема работите што имаат моќ да го менуваат светот. Во христијанската традиција, слобода не значи добивање максимум простор за сопствени интереси, туку вршење на она што сите луѓе може да го доживеат како "живот во сета негова полнота" кое е ветување дадено од Бога. Слободата се постигнува преку солидарност со други лица и одговорност за општото добро. Продолжуваме да веруваме дека светската економска неправда е главниот предизвик во структурирањето на глобалниот развој. Стандардот според кој глобализацијата се проценува, треба да биде прашањето: дали од економските богатства... придобивки имаат и најслабите членови на светската заедница? Со оглед на тоа, дека како цркви ние сме дел од светската заедница, особено сме свесни за предизвиците кои произлегуваат од промените во светот. Имаме врски со цркви на секој континент, особено во цркви во земји кои не се економски и политички "интересни", за другите, поради нивната сиромаштија и нестабилност...Во процесот на глобализација, креаторите на националните економски политики имаат посебна одговорност ... Не е во ред да се каже дека во рамките на глобализацијата повеќе не постои простор за националните економски политики, како што често се тврди. Глобализацијата не само што доведува до дерегулација на економијата, но и до зголемување на миграцијата во светот. Истото носи последици врз имиграционата политика на индустриските земји. Тие не смеат да ги запечатат нивните граници против миграцијата предизвикана од сиромаштија. Од друга страна, ако се земат добро образовани кадри,

посиромашните земји ќе изгубат многу лица од кои им зависи нивниот развој. Во економијата, која прераснува во едно нешто, треба да има отворање на пазарите на сите страни. Ние мора да преземеме одговорност за развојот на еден свет, преку отворање на нашите пазари, дури и кога тоа не е поволно за нас. Ова особено важи за трговските политики на Европската заедница, кои покажуваат протекционистички црти во многу области. Судбината на цели национални економии не треба да бидат препуштени на милоста на финансиските пазари. Но, нема магични рецепти за спречување на турбуленции во размена на валутните стапки. Она што е многу поважно, е одлучност од страна на големите индустриски земји да соработуваат во насока на соработка на финансиските пазари...

Преку овој развој кон еден свет, црквите пронашле конкретни задачи за себе. Тие имаат одговорност кон сиромашните и на национално и на меѓународно ниво. На национално ниво, црквите треба да застанат во одбрана на оние кои ги загубиле своите работни места, поради економската глобализација...,а на меѓународно ниво, црквите треба да земат учество во еден процес на размислување кој, под претпоставка дека се исполнети потребните услови, повеќе не гледа на директната инвестиција во странство како причина за сиромаштијата, туку како средство за негово надминување.

Кога корпорациите ќе паднат под минимумот на социјалните и еколошките стандарди, црквите треба да го поддржат формирањето на јавното мислење против ова, да ги потсетат овие корпорации на нивните одговорности. Кога поединечни или групни иницијативи се прогонувани поради нивната посветеност , црквите треба да застанат зад нив. Глобалната економија претставува ризик и можност. Ние сакаме да ги видиме можностите ставени во движење, а ризиците да се чуваат на толерантно ниво. За нас, ова значи дизајнирање на одговорна глобална економија".

(Declaration "Designing a Responsible Global Economy", adopted by the Synod of the EKD in Amberg, November 4th-9th 2001. ( https://www.ekd.de/english/1634-1_2002_1.html).

Сите глобални процеси и нивното делување во општеството се во тесна врска со времето во кое се појавуваат. Некои се повторуваат постојано, а некои се надополнуваат, но никој не се поништува еден со друг. Самото општество го гледаме како појава која неминовно води кон разбирање на човештвото како целина, а не како збир на единки кои индивидуално постојат еден до друг, а ги спојува само географскиот простор кој мора да го делат. Таа особеност на меѓусебните карактеристики на луѓето и нивниот социјален живот е двигател на истите, бидејќи индивидуалноста секогаш ќе биде во корелација со социјалниот живот, затоа што само таму може да се реализира и препознае. Навистина е интересна идејата на Никлас Луман кој во општеството не препознава содружништво, туку заемнодејствување. На тој начин тој се обидува да направи дистинкција помеѓу потребата да се биде индивидуален и да се користи нечија друга индивидуалност за своја или взаемна корист, што во секој случај би одговарало на содружништвото, или пак да се биде потполно индивидуален, а да се биде во исто време и дел од целината во која ќе се реализира неговата индивидуалност, кое во потполност одговара на заемнодејствувањето" (Трајковски, Ило 2006:119-120). Некои одат дотаму што го доведуваат во прашање и самиот концепт на општеството како појава. Ова го разработува Џон Ури, кој во општеството препознава реализација на концептот на националната држава, или пак некакво граѓанско организирање кое, би додале, постои за да се остварат индивидуализмот и потребите. Но, истиот тој се обидува и да докаже, дека во секој случај треба да се земат предвид општествените процеси кои не се поврзани со општеството како државносен концепт, туку се карактеристики на глобалното опкружување" (Исто, 255). Затоа, комплексноста на взаемниот однос на глобализмот и општеството е трајна, и секогаш ќе биде таква. Причината се бара пред сè во самиот социјален карактер на луѓето, кои никогаш досега не се откажале од истиот, иако напати ја појавувале својата индивидуалност носејќи корист, или пак, нанесувајќи штета на социјалното опкружување на кое отсекогаш припаѓале. Главниот носител на глобализмот, општеството како целина, секогаш го има последниот збор за неговиот опстанок. Иако глобализмот е навистина навлезен во сите пори на

општеството, истиот тој не е ѕидар на истото, туку само негов одраз. Неговото значење е исклучително и постојано актуелно како што согледавме од гореневедениот текст, а неговите појави постојано еволуираат, но степенот и карактерот на нивното дејствување тешко може да се предвиди.

*2. Секуларизацијата и Европа*

“Секуларизацијата претставува движење кое се стреми кон одделување на религијата од световната власт, (најчесто се споменува терминот одделување на црквата од државата). Ова може да се однесува на редуцирање на врските помеѓу владата и државната религија, заменувајќи ги религиските закони со цивилни закони, притоа сметајќи дека се овозможува елиминирање на дискриминацијата врз база на религиската припадност. Тоа се смета дека е придонес кон демократијата, поради заштитата на правата на религиозните малцинства” (Feldman, Noah, 2005:14). Вообичаено, застапниците на секуларизацијата веруваат дека религијата треба да се наоѓа во доменот на приватното, додека секоја религиска карактеристика која излегува во јавност, во никој случај не треба да се потпира на државни елементи. Секуларизмот, покрај глобализацијата, најмногу придонесува за оформување на поинакво општество од граѓански карактер, кое е сосем различно од идеолошките матрици кои тоа општество го карактеризирало во минатото. Фалк (Falk) забележува дека: “Христијанството, иако е доминантно во Европа и има моќ да го предводи патот на современоста и да ја проектира неговата моќ на глобално ниво во Европа, капитализмот (кој претставува форма на охрабрување на индивидуалната иницијатива и работна етика), претставува предизвик за заедницата на солидарност и верска посветеност. Тука, исто така, кохерентноста на општеството беше поттикната од државно спонзориран национализам, создавањето на на нација-држава, чија цел беше да се поттикне лојалноста кон државата и да се надмине, или барем да ги смири, етничките и верските разлики. Навистина, национализмот во голем дел презеде таква улога од религијата, овозможувајќи мобилизација на општеството. На тој начин, Европа даде повод за јасни формулации на одвоеност на црквата и државата, што подоцна стана

камен темелник на уставните демократии. Таквото разделување првично се гледаше како начин за обезбедување за верските малцинства на недискриминација, а со тоа и создавање клима на толеранција. Последователно, исклучувањето на религијата од владеење на општеството беше сметана како дел од процесот на секуларната еволуција" (Richard Falk:1999). Вебер вели: "нема сомнение дека еманципацијата од економскиот традиционализам е фактор кој во голема мера ќе ја зајакне тенденцијата да се појават сомнежи во светоста на религиозната традиција...Неопходно е да се напомене она што често се заборава, а тоа е дека реформацијата не значеше елиминација на контрола на Црквата во текот на секојдневниот живот, туку замена на нова форма на контрола за претходниот. Тоа значи, на контрола која беше многу лабава и едвај забележлива во пракса и тешко да беше повеќе од формализам, а кое одеше во корист на создавање на простор за поинакво регулирање на целата територија на однесување" (Weber 1930:4).

Токму околностите на глобализацијата и екстремната секуларизација на современа Европа, влијае на Христијанството и го става *a priori* под знак прашалник неговото реално влијание. Секако, на прв поглед пораките на верските заедници секогаш делуваат добро одмерени и исполнети со смирен тон, кој најчесто е во правец на промовирање на мирот, помош за страдалниците, а особено на сиромашните слоеви на општеството и тн. но, сето тоа е во доменот на дипломатскиот речник и е во линија, во најмала рака, со државните програми кои го контролираат сето тоа, имајќи притоа своевиден монопол на случувањата од тој тип. Но, вистински предизвик претставува третирањето на прашањата кои се особени за современието: пропаѓањето на бракот и семејните вредности, контрацепцијата, абортусот, хомосексуализмот, индивидуализмот, апатијата, моралната деградација, злоупотреба на медиумите и телекомуникацискиот сектор спротивно на моралните вредности и сл. Линијата на христијанските заедници воглавно е константна и слично се соочува со предизвиците на модерното време и неговата природа. Па така, можеме да заклучиме, дека секоја христијанска група следствено на карактерот што го пренесува преку историскиот контекст на

дадената територија во која егзистира, различно се носи со предизвиците кои ги носи современото живеење. Односот кон нејзините најголеми предизвици: глобализацијата и секуларизмот, можеме да го разбереме како поле за реафирмирање, но и како сосема нова средина во каква претходно Христијанството не се нашло од времето кога добива слобода на вероисповед во 4 век.

Претседателот на синодалниот оддел за надворешни работи на Руската православна црква (РПЦ) митрополитот Иларион (Алфејев) сосема отворено и храбро се обидува да го лоцира проблемот на моралниот пад на европското општество велејќи дека: "Европската супердржава, која е наследничка на Римската империја, ослободи колосална енергија на потчинување на властите. Таа енергија денес тежнее да ги прекине сите врски со Христијанството кое ги зауздува нејзините тоталитарни импулси во текот на 17 векови. Таа енергија несвесно тежнее кон воспоставување на апсолутна диктатура, на која ќе ѝ биде потребно остварување на контрола над секој член на општеството.

„Зарем ние не се движиме во тој правец „на воспостаставување на безбедност", преку задолжително воведување на електронски пасоши, сеопфатна дактилоскопија и поставување на камери на секое ќоше? Сето тоа може да се искористи и за други цели, кои исто така може да бидат сметани за „засилени безбедносни мерки", предочува вториот човек на РПЦ.

Според мислењето на митрополитот Иларион, денес во земјите на Западот се промовира деструктивна слобода од моралните начела и човечки вредности. Наместо почит спрема чувствата на другите луѓе, се проповеда сѐдозволеност, која ги игнорира убедувањата и вредностите на мнозинството, а се одобрува принципот на задоволување на човечките похоти и пороци. „Агресивното расположение на погрешно сфатената слобода, нѐ приближува кон тоталитаризмот од епохата на прогоните (на Христијаните - заб. при.) и безбожноста на 20. век. Тоталитарната „слобода" - заснована на човечките похоти, нѐ враќа во времето на паганите, само во полукава и пософистицирана форма". оценува Иларион. (http://fakti.org/orthodox-point/svyataya-rus/ilarion-evropa-se-krece-ka-diktaturi-u-ime-slobode-zadovoljavanja-ljudskih-pozuda)

Јакуб Костучук (Jakub Kostiuczuk) (полски епископ), дава анализа за поврзаноста на напуштањето на христијанските вредности и моралната деградација, велејќи: “Современиот свет се соочува со многу проблеми, а еден од нив кризата на верата. Речиси не се преземаат никакви мерки против современите предизвици на духовен и морален план. Заедно со финансиските проблеми современиот свет се соочува со голема доза на проблеми од друг вид. Овие проблеми се плодови на поинаква криза на модерното општество. Тоа е пред сѐ, криза на верата, која доведува до етичка криза. Зошто состојбата на нештата е таква, каква што е? Верникот ќе даде едноставен одговор - затоа што општеството, или заборавило или свесно се откажало од темелите на верата и на принципите на христијанскиот живот...Речиси ништо не е направено општеството да се спротивстави на овие предизвици. Воведување на нови правни норми од страна на државата, кои се соочуваат со оние кои ги кршат нормите, не доведува до решение на проблемите, кои само имаат тенденција да се зголемуваат. Парламентите во многу земји го прифаќаат како норма тоа дека човекот отсекогаш бил неморален. Причината за сите негативни случувања што ги гледаме сега е погрешен поглед на светот, на страсниот начин на живот, криза на верата и недостигот на јасен поглед за целта на човечкиот живот. За жал, материјалистичкото, консумерско-хедонистичко расположение на западното општество отишол толку далеку, што тоа ги има заборавено христијанските учења и вистинската цел на човековото постоење. Друг предизвик со кој се соочуваме денес е разбирањето на личната слобода. Секуларизираното општество ги подразбира принципите на слобода, како самоволие. Со што се подразбира, дека слободата води, како по правило, до недостаток на морални задршки. Тој верува дека може да се направи сѐ. Неговата слобода е само ограничена со слободата на друг. Ова разбирање на слободата природно води кон уништување на личноста и секако влијае на животот на општеството. Општеството е севкупност на личности; затоа, човештвото сѐ повеќе се среќава со сериозни социјални проблеми. Во модерна Европа секуларизираното општество доведува до сосема спротивни за Христијанството заклучоци. Во пракса тоа би изгледало вака: ...кога христијаните

велат дека абортусот е грев и убиство, општеството вели: тоа не е убиство, туку приватна работа на една жена, а со спречувањето на абортус се прекршуваат правата на жената. Кога Христијанството вели дека вонбрачни сексуални односи меѓу маж и жена се блуд, општеството одговара дека секој е слободен да се живее како што тој сака и дека самата личност е господар на самиот себе и неговиот приватен живот. Кога се вели според христијанското учење дека хомосексуалноста е грев (содомија), современото општество вели дека треба да се биде толерантен и да се прифати секој човек каков што е...Властите во секуларизираните држави, би сакале да ги гледаат христијаните како членови на добротворна организација, и во тоа успеале на многу начини"... ( http://www.bogoslov.ru/en/text/1243104.html )

"Во ерата на секуларизацијата и науката, религијата останува главен фактор во моралната едукација и мотивација на поединци (кои потекнуваат од различни традиции), во најмала рака, во ерата на забрзување на хомогенизација и истовремено производство на разлики, она што социолозите на глобализацијата се нарекуваат "Глокализација", религиите се артикулираат како последно прибежиште на неизменети разлики, како последен резервоар на културна автономија" (Habermas, Jurgen 2002).

### *2.1. Секуларизацијата и црквите во современа Европа*

Во основа кога се прави обид да се претстави секуларниот однос на современата европска држава кон религијата се појавува двоен предизвик.

-Првиот се однесува на веќе раширениот концепт на секуларност кој владее во современа Европа, а се однесува на толерантност и комплетна слобода во регистрирањето на верските заедници воопшто, а со тоа алудирајќи на потполното право на индивидуален избор на некој религиски концепт;

-Вториот се однесува на културното наследство на современите европски држави (се мисли пред сѐ, на државите каде што Христијанството е доминантна верска определба на национално ниво) кое (наследство) е поврзано органски со Христијанството. Тоа се огледува во специфичниот однос што тоа го имало во

минатото, а сѐуште може да се аплицира и денес во општествата на тлото на Европа.

Разликата на поимањето на секуларноста во основа се огледува во влијанието кое особена христијанска верска заедница го има во одредена држава. Онаму каде што христијанската верска заедница има поголема моќ на влијание, таму секуларниот концепт е послабо изразен и vice versa. Тоа воопшто нема свој корен во самиот доктринарен принцип, во смисла дека оние христијански заедници кои се полиберални имаат помалку влијание, од оние што се поконзервативни. Конкретно, протестантските групи кои се сметаат дека се предводници во либералниот пристап кон светските предизвици, имаат големо влијание во земјите каде што претставуваат мнозинство од населението, т.е каде што историски се поврзани со државата во која традиционално се присутни.

Па така на пример, британскиот монарх мора да биде англиканец, а особено поради фактот дека е врховен гувернер на истата, што датира од низата донесени акти во 1530 година за време на владеењето на Хенри VIII. (Queen and the Church of England), http://web.archive.org/web/20080307003413/www.royalinsight.gov.uk/output/Page4708.asp). Истиот случај го има и во црквата на Данска, Норвешка и Шведска.

Римокатоличката црква е специфична во смисла на нејзиното моќно тело во европските држави каде што е традиционално присутна, но и во однос на апсолутни бројки. Иако таа има, ако може така да се каже, монархистичко управување, истата има склучено конкордати со сите држави во кои се присутна нејзини членови. "Конкордат (Concordatum) е конвенција меѓу Светата Столица и суверената држава, која ги дефинира односите меѓу Католичката црква и државата за прашања кои ги засегаат двете" (Metz, René, 1960:137).

Што се однесува до Православните цркви на европско тло, за нив може да се каже дека имаат исклучително влијание во државите каде традиционално се присутни. Тоа се должи делумно и на тесната поврзаност со етничкиот карактер на помесната православна заедница. Имено, во секоја држава каде што православието е доминантно, етничката заедница, по која се именува самата држава,

или пак, која е доминантна демографски, во исто време е со мнозинска православна вероисповед. Тоа пред сè, се поврзува со идеалната православна држава која својот корен го има во карактерот и позицијата на црквата во Источното римско царство (Византија), а кое по создавањето на балканските држави по етнички клуч во 19 и 20 век е овозможено пресликување на истата (држава), барем во доминантниот карактер на најмногубројната етничка заедница во дадена држава која во исто време е мнозински православна. Тенденцијата, православната заедница во православните држави (кои по традиција се православни преку мнозинскиот, или пак, државотворниот народ) да биде државна и единствена православна црква во православието е изразена во иста мера како и кај Римокатоличката црква и протестантските заедници, па секоја од нив, на свој начин го третира ова прашање.

Римокатоличката црква на истото гледа како на историско право со оглед на тоа дека преку нејзината мисија на Западот, таа ги христијанизирала народите кои доминантно се римокатолички и кои по автоматизам треба да бидат потчинети под врховниот духовен авторитет на поглаварот на Римокатоличката црква, римскиот Папа.

Православната црква на истото гледа преку доктринарниот принцип на единството на православните цркви помеѓу себе, во смисла дека Црквата е помесно организирана и единствено на тој начин таа ги преминува државните граници, па така, иако е организирана помесно, Црквата е една. Со тоа отпаѓа секоја можност да има алтернативни православни цркви на одредена територија.

Протестантските цркви во Европа особено се поврзани со државите во кои се доминантни, со оглед на тоа што нивните верници се потомци на луѓе кои биле римокатолици, а кои во реформацијата се одделиле од нејзиното крило и се организирале локално во многу блиско единство со тогашните државни ентитети (кралства, принципати, војводства и сл.). Сето тоа се одржало до ден денес, па затоа протестантските заедници кои своето потекло го водат според овој принцип, најчесто претставува државна црква или во најмала рака добива силна подршка од државата.

Европа преку нејзините политички експоненти, било да се преку заедниците кои истото го претставуваат, како на пр. Европската Унија, или пак на секоја држава поединечно, има донесено специфични решенија во однос на поделбата на државата и верските заедници.

### *2.2. Секуларни системи*

ЕУ е секуларен орган, односно, постои одвоеност на црквата и државата. Не постојат формални врски со било која религија и религијата не се споменува во сите актуелни или предложени договори.
http://eur-lex.europa.eu/LexUriServ/LexUriServ.do?uri=OJ:C:2006:321E:0001:0331:EN:pdf
Во дискусија за нацрт-текстот на Европскиот устав, а подоцна и на Договорот од Лисабон се вклучени предлози да се спомене Христијанството или Бог, во преамбулата на текстот. Овој предлог е поддржан од страна на христијанските верски лидери , особено на папата http://news.bbc.co.uk/2/hi/europe/4253937.stm

Од 28 членки на Унијата, само четири имаат официјална државна религија: Данска (Црква на Данска ), Грција ( Црква на Грција ), Малта ( Римокатоличката црква ) и Англија во Велика Британија ( Црква на Англија ). Некои други цркви имаат блиски односи со државата (Ferrari, Silvio, 2000). “Традиционалната класификација на системот црква-држава во Западна Европа се базира на трипартитен систем на поделба, систем на конкордат и систем на национална Црква:

I. Италија, Германија и Шпанија  на пример, се нарекуваат конкордатски земји, бидејќи нивните односи со верските групи е базиран на конкордати (со Римокатоличката црква ) и договори ( со други вероисповеди ). Основната идеја во овие земји е, дека односите со религиозните групи се подобро регулирани преку билатерални одредби: преговарање меѓу државата и секоја религиозна група (или барем со оние кои се поголеми во апсолутни бројки или биле активни во земјата долго време). Судејќи според она што се случи во пост-комунистичките земји, системот на конкордати е далеку од тоа да биде застарен: веќе 8 земји имаат склучено конкордати, или договори со Католичката црква и другите верски групи, во релативно краток временски период.

II. Системот на државни (или национални) цркви е карактеристика на северна Европа. Исланд, Данска, Англија... имаат државни или национални цркви. Овие Цркви често уживаат преференцијален третман, на пример, во областа на верското образование во училиштата или капеланството, во затворите, болниците или во армијата. Од друга страна, државата остварува засилена контрола врз организацијата и дејствувањето на Црквата. Главата на државата е и глава или гувернер на Црквата, бискупите се назначуваат од страна на државни агенции итн. Овој систем е напуштен во Шведска и Норвешка, додека истиот (систем) не е усвоен од страна на било која поранешна комунистичка земја, дури ни од оние чија верска традиција е Лутеранската, (а)...во Естонија која е единствената земја каде што Лутераните се мнозинство, неговото донесување беше уставно исклучено. (Парцијалниот успех на ) системот на државна црква во земјите на североисточна Европа покажува дека овој модел на односите меѓу државата и црквата веќе нема голем капацитет за проширување. Ова е главно поради појавата на тенденција за почит на автономијата на црквите во доктринарните и организациските прашања.

III. Франција, Ирска, Белгија и Холандија го користат системот на поделба. Но, ова е особено хетерогена група. Ирска, чиј Устав содржи повикување на Пресвета Троица, има малку врска со Франција, која уставно прогласи laicité (laicité -"отсуство на религиозно инволвирање во државните работи, а особено забрана на религиозно влијание во креирањето на државните политики" *(*Rémond, René, 1999.) Поради тоа, точно е да се каже дека во системот на поделба се наоѓа група, во која се поместени земји кои немаат ниту конкордати, ниту национални цркви: Правната дисциплина на некои централни теми во односот на црквата и државата (финансирање на црквите , учење на религијата во државните училишта. итн) потврдуваат дека овие земји имаат малку заедничко.

Законската класификација најчесто ја нагласува формалната страна на односот на црквата и државата и не посветува доволно внимание на реалната ситуација. Белгија и Ирска се земји каде што е на сила системот на поделба, тие немаат конкордати, но сепак Римокатоличката црква ужива подобра правна по-

ложба таму, отколку во некои земји каде што е склучен конкордат. Исто размислување може да се аплицира и во односот на државата кон националните цркви. Црквата на Англија е национална црква, но поддршката што ја добива од државата е далеку помала од поддршката која Германија ја дава на Римокатоличката и протестантските цркви во Германија” (Исто).

Секако, оваа класификација може да се прифати и за земјите кои припаѓаат на европскиот географски простор, а кои се надвор од ЕУ. Со оглед на тоа дека последиците од блоковската поделеност не се изразени во онаа мера како пред падот на “железната завеса”, начинот на комуникација на општествата кои се пост-комунистички, речиси е идентичен со овие три системи на третирање на религијата воопшто, во своите средини. Ова најмногу се изразува во пост--комунистичките земји кои се доминантно православни. Феноменот на враќање на голема група на луѓе во крилото на Православието, во исто време претставува и етнички феномен. Поврзувањето на етносот со црквата, која е изворна и автентична за соодветната средина е императив. Како пример ќе ја наведеме Русија во која РПЦ Московска Патријаршија доживува невиден подем. Сето тоа придонесува, овие национални цркви да имаат, ако не de jure, сепак de facto привилегиран статус во матичните држави, во кои истите се носители на духовната и културната матрица, но и етничко, односно национално врзивно ткиво.

### *5. Мултикултурализмот и мултинационалноста во Европа*

Мултикултурализмот според Кенан Малик (Kenan Malik) претставува "сет на политики, чија цел е да се управува со разновидноста преку вклопување на луѓето во етнички елементи, дефинирање на индивидуалните потреби и права врз основа на просторот во кои се ставаат луѓето и користење на овој простор за обликување на јавната политика. Во овој случај, тоа не се отворени граници и умови , туку се работи за контролирање на границите, без разлика дали се физички , културни или имагинативни". (http://www.theguardian.com/commentisfree/2010/mar/17/multiculturalism-diversity-political-policy) Дополнително вели дека: "Мултикултурните политики некогаш се гледаат како средство за зајакнување на малцинските заедници, на кои им се дава право на глас. Во реалноста таква политика не им се овозможува на поединците, туку "на лидерите на заедниците " кои ја должат нивната позиција и влијание во државата. Преку мултикултурните политики обично се третираат малцинските заедници, како хомогени целини на класни, религиозни, родовски и други разлики...(исто).

Покрај глобализацијата и новиот космополитизам, кој досега е првенствено елитен феномен, локалните и националните карактеристики остануваат силни и се очекува истото да продолжи да биде така и во догледна иднина. Ова не е процес различен од космополитизмот, туку негов паралелен процес. Т.н. "граѓани на светот" се обврзани да бидат првенствено загрижени за своите народи и тоа не треба да ги спречи во покажување на поголема информираност и зголемување на чувствителноста кон "странците". Расчекорот меѓу "националното" и "космополитското" може да биде делумно решен со идентификување на она што би се нарекло "национален идеал", во заедница со "човечки идеал"...Секоја држава станува орган на "човечкиот идеал" во делот во кој се претпоставува, дека нејзината главна задача не е да се шири преку проширување на своите граници, но за да се зголеми нивото на моралот на нејзините членови" (Durkheim 1973: 101) кај (Smith Anthony D. 2004:138).

Необичната карактеристика на Европа да биде толерантна спрема мултикултурализмот, е во директна спротивност со идеите за создавање на етнички држави кон крајот на 19 век. Европа во 21 век, особено во Европската Унија, како синоним на Западот, е навистина неверојатно поле за следење на имигрантските процеси и карактерот на мултиетничноста. Голем процент на населението во голем број на земји членки на ЕУ се состои од резиденти и граѓани од неевропска припадност. “Не е лесно да се определи точниот број на ова население, бидејќи ЕУ не објавува податоци за етничкиот состав или географското потекло на граѓаните на земјата-членка, но само за лицата кои не се државјани (односно жителите кои не се граѓани на дадената земја-членка). Ова значително ја потценува бројноста на населението кои по потекло се имигранти, не сметајќи ги "не-домородци" (на пример Британците со потекло од Индија или имигрантите во Холандија од холандски Суринам). На пример, во Германија оние кои што не се државјани сочинуваат 8,5 отсто од населението, а 74% од нив потекнуваат од земји надвор од ЕУ (CEC, 1997a). Малку подобро мерило е за дел од населението кое е родено во странство и кое вклучува имигранти кои се стекнале со државјанство на земјата домаќин, но не и нивното потомство родено во земјата домаќин. Во 1994 година (CEC, 1998), процентот на населението родено во странство во некои од земјите-членки беше следен: 9,7 % во Белгија, 41 % кои по-текнуваат од друга земја надвор од ЕУ; 5,3% во Данска (од кои 74% не-ЕУ); 11 % во Франција (од кои 78% не ЕУ); 9 % во Холандија (од кои 88% не-ЕУ); 6,8 % во Велика Британија (од кои 71% не-ЕУ); 4,6% во Португалија (од кои 77% не-ЕУ); и 9,9 % во Шведска (од кои 60% не-ЕУ). Вклучувањето на втората и третата генерација граѓани на родители имигранти значително ги зголемува овие бројки. На пример, според пописот од 1991 година, не-бело население само во Велика Британија беше 5,5%” (Amin, Ash, 2003:8).

“Некои од граѓаните на државата, сепак, може да имаат национален идентитет различен од тој промовиран од неа. Лицата со имигрантско потекло, етничките заедници и оние коишто им припаѓаат на националните малцинства можат да стојат наспроти националниот идентитет инсталиран од страна на

државата. Постојат најмалку два различни пристапи за компатибилност или соживот на различните идентитети во рамките на една политичка институција. Некои тврдат дека решението лежи во генерирање на повеќе идентитети, иако едвај дали некогаш се однесуваат конкретно на повеќе "национални" идентитети. Често тие алудираат на етнички, регионални, национални и транснационални идентитети, имплицитно претпоставувајќи дека различни видови на идентитети се компатибилни, токму поради тоа што работат на различни нивоа. Спротивно на тоа, други тврдат дека луѓето кои делат заедничко државјанство може да имаат различни национални идентитети, со што се одвојува чувството за членство на државата од чувството на припадност кон нацијата. На прв поглед, тоа може да се јави како веродостојно решение, но сепак не е лесно да се одржи таква поделба сè додека народот се смета за извор на легитимноста за државната власт" (Smith Anthony D. 2004:140).

### *1. Современа Европа и Исламот*

Секако, специфичниот карактер на мултикултурноста се огледува во имиграцијата во европските земји. Особеностите што таа ги носи со себе се поврзани во прва линија со различните културни особености на имигрантите, а следствено на тоа и со нивната религија. Процесот на инфлукс на нестандардни за едно поднебје групи, јасно ја создаваат различната слика од претходно. Ова се огледува пред сè, преку имигрантите со исламска вероисповед, кои во најголема мера се со потекло од неевропско копно, додека во целата новонастаната етничка слика сосема мал дел пополнуваат муслимани од европски земји. Според ПЕВ Форумот (Pew Forum), во Европа како целина, муслиманскиот дел од населението се очекува да се зголеми за речиси една третина во текот на следните 20 години, од 6% од жителите во 2010 година на 8% во 2030 година, во апсолутни бројки, муслиманското население во Европа е проектирано да порасне од 44,1 милиони во 2010 до 58.200.000 во 2030 година. Најголем пораст - примарно воден од продолжена миграција - може да се случи во Западна и Северна Европа, каде што муслиманите ќе се приближат до двоцифрен процент од населението во

неколку земји. Во Обединетото Кралство, на пример, муслиманите, се очекува да се бидат 8,2% од населението во 2030 година, за разлика од околу 4,6% денес. Во Австрија, муслиманите се предвидува да достигнат 9,3% од населението во 2030 година (зголемување од 5,7% од денес); во Шведска, 9,9% (зголемување од 4,9% од денес); во Белгија, 10,2% (зголемување од 6% од денес); и во Франција, 10,3% (зголемување од 7,5% од денес). Во 2030 година, муслиманите се предвидува да бидат повеќе од 10% од вкупното население во 9 европски земји: Албанија (83,2%), Босна и Херцеговина (42,7%), Република Македонија (40,3%), Црна Гора (21,5%), Бугарија (15,7%), Русија (14,4%), Грузија (11,5%), Франција (10,3%) и Белгија (10,2%).Русија ќе продолжи да има најголемо муслиманско население (во апсолутни бројки) во Европа. Во 2030 година муслиманското население во Русија се очекува да порасне од 16,4 милиони во 2010, на 18.600.000 во 2030 година. Стапката на раст на муслиманското население во Русија е проектиран да биде 0,6% на годишно ниво во текот на следните две децении. Од друга страна, не-муслиманското население на Русија се очекува да се намали во просек за 0,6% на годишно ниво во текот на истиот период. Франција имаше очекуван нето прилив од 66.000 муслимански имигранти во 2010 година, главно од северна Африка. Муслиманите сочинуваат околу две третини (68,5%) од сите нови имигранти во Франција... Шпанија има 70.000 муслимански имигранти во 2010 година, но тие опфаќаат многу помал дел од сите нови имигранти во Шпанија (13,1%). Нето-приливот на муслимански имигранти во изминатата година (2010) во Велика Британија (речиси 64.000) се предвидува дека ќе биде толку голем, како и во Франција. Повеќе од една четвртина (28,1%) од сите нови имигранти во Велика Британија во 2010 година е муслиман".(http://www.pewforum.org/2011/01/27/the-future-of-the-global-muslim-population/)

*2. Внатрешна имиграција во Европа*

Исто така, во целата мултикултурна средина свој удел во голема мера има и внатрешната имиграција. Економскиот фактор во оваа ситуација игра голема улога, па затоа внатрешната имиграција во најголема мера се одвива од посиромашните европски држави, кон побогатите. "Со почеток во 2004 година, Европската Унија им додели на граѓаните на ЕУ слобода на движење и престој во ЕУ, а терминот " имигрантски " оттогаш најчесто се однесуваа на таканаречени "не- ЕУ граѓани". Помеѓу 2010 и 2013 година, околу 1,4 милиони државјани на ЕУ , со исклучок на азилантите и бегалците, емигрирал во ЕУ секоја година со користење на регуларни средства, со мало намалување од 2010" http://ec.europa.eu/dgs/home-affairs/e-library/docs/infographics/immigration/migration-in-eu-infographic_en.pdf

Ситуацијата во ЕУ е следна:

"Во 2011 година, 33,3 милиони странци живеат во ЕУ-27 , од кои 20,5 милиони (околу 2/3) биле државјани на трети земји. Повеќе од 75% на странците кои живеат во ЕУ се шири на потегот на само пет земји: Германија, Шпанија, Италија, Велика Британија и Франција (од 1 јануари 2011 година). Во Луксембург, Кипар, Латвија, Естонија, Шпанија, Австрија и Белгија процентот на странци во вкупното население е повеќе од 10% ( од 1 јануари 2011 година) (во споредба со Германија: 8,8% ). Романски и турски државјани, со 2,3 милиони секој, ја сочинуваат најголемата група на странците во ЕУ, додека полските се 1,6 милиони. 78 % Романци кои живеат во други земји членки на ЕУ живеат или во Италија (42%) или Шпанија (36%), 75% од Турците што живеат во ЕУ, живеат во Германија, и 50% од сите португалски имигранти живеат во Франција (од 1 јануари 2011 година)".http://www.bpb.de/gesellschaft/migration/kurzdossiers/157035/eu-internal-migration

Табела 7:

| Држава | Број на имигранти | Процент од имигранти во светот | Процент од вкупното население |
|---|---|---|---|
| Русија | 11,048,064 | 4.8 | 7.7 |
| Германија | 9,845,244 | 4.3 | 11.9 |
| Обединето кралство | 7,824,131 | 3.4 | 12.4 |
| Франција | 7,439,086 | 3.2 | 11.6 |
| Шпанија | 6,466,605 | 2.8 | 13.8 |
| Италија | 5,721,457 | 2.5 | 9.4 |
| Украина | 5,151,378 | 2.2 | 11.4 |
| Швајцарија | 2,335,059 | 1.0 | 28.9 |
| Холандија | 1,964,922 | 0.9 | 11.7 |
| Турција | 1,864,889 | 0.8 | 2.5 |
| Шведска | 1,130,025 | 0.7 | 15.9 |
| Австрија | 1,333,807 | 0.6 | 15.7 |
| Белгија | 1,159,801 | 0.5 | 10.4 |
| Белорусија | 1,085,396 | 0.5 | 11.6 |
| Грција | 988,245 | 0.4 | 8.9 |
| Португалија | 893,847 | 0.4 | 8.4 |
| Хрватска | 756,980 | 0.3 | 17.6 |
| Ирска | 735,535 | 0.3 | 15.9 |
| Норвешка | 694,508 | 0.3 | 13.8 |
| Полска | 663,755 | 0.3 | 0.9 |
| Данска | 556,825 | 0.3 | 9.9 |
| Србија | 532,457 | 0.3 | 5.6 |
| Унгарија | 0,0 | 0.0 | 0.0 |
| Чешка република | 439,116 | 0.2 | 4.0 |
| Молдавија | 391,508 | 0.2 | 11.2 |
| Азербејџан | 323,843 | 0.2 | 3.4 |
| Ерменија | 317,001 | 0.2 | 10.6 |
| Финска | 293,167 | 0.2 | 5.4 |
| Латвија | 282,887 | 0.2 | 13.8 |
| Словенија | 233,293 | 0.2 | 11.3 |
| Луксембург | 229,409 | 0.1 | 43.3 |
| Естонија | 209,984 | 0.1 | 16.4 |
| Кипар | 207,313 | 0.1 | 18.2 |
| Романија | 198,839 | 0.1 | 0.9 |
| Грузија | 189,893 | 0.1 | 4.4 |
| Литванија | 147,781 | 0.1 | 4.9 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Република Македонија | 139,751 | 0.1 | 6.6 |
| Албанија | 96,798 | 0.1 | 3.1 |
| Бугарија | 84,101 | 0.1 | 1.2 |
| Андора | 45,086 | 0.1 | 56.9 |
| Исланд | 34,377 | 0.1 | 10.7 |
| Монако | 24,299 | 0.1 | 64.2 |
| Босна и Херцеговина | 23,197 | 0.1 | 0.6 |
| Лихтенштајн | 12,208 | 0.1 | 33.1 |
| Сан Марино | 4,399 | 0.1 | 15.4 |
| Ватикан | 799 | 0.1 | 100.0 |

http://www.un.org/en/development/desa/population/migration/data/index.shtml

Поместувањето на поголема маса на народ низ Европа во правец Исток--Запад, со себе носи и нови појави. На пример, доколку се следи имиграцијата од државите кои се со предоминантно православно население, истото формира етно-религиозни заедници во државите во кои се преселува. Карактеристичната појава е предизвик за западното Христијанство, со оглед на тоа дека истите овие заедници во голема мера ги пополнуваат празнините во верска смисла на западното Христијанство. Во неможност да се одржуваат многубројните храмови кои се без посетители, со оглед на падот на бројот на верници, истите се отстапуваат привремено, или пак на трајно користење на православните заедници. На овој начин православните цркви носат дополнителен предизвик за европската мултикултурност и мултинационалност. Внесувањето на нови идеи кои биле особеност за една карактерно различна географска целина, на овој начин почнува да се обединува со идеите на традиционалните западни верски групи и во исто време истите се обидуваат заеднички да се спротивстават на екстремната секуларност и либерализам на денешна Западна Европа.

Сите овие процеси се  предизвик за традиционалната христијанска поставеност и неговото понатамошно традиционално егзистирање во ваква средина, а која е далеку од етно-религиозна хомогеност. Токму затоа, постоењето на инфлукс на различни култури кои се донесени и неавтентични за одредено подрачје, во голема мера претставува предизвик за локалните христијански заедници. Самите држави кои тежнеат кон различноста и ја поттикнуваат, сметаат дека оваа тенденција придонесува за културно збогатување на европскиот простор, а етничката хомогеност и затворена култура ја сметаат за ретроградна и неинвентивна. Колку оваа политика ќе се покаже ефективна во иднина и од какво значење ќе биде односот на христијанските групи кон овој инфлукс на нови идеи и културни матрици, во смисла дали идеолошката испреплетеност на етно-религиски елементи ќе биде толерантна и интегрална, е предмет на претпоставки.

## ***6.Современите медиуми и нивната интеракција со Христијанството во современа Европа***

### *1.Комуникација и медиуми*

Успешното и брзо пренесување на податоците кои ги поседува човештвото и директната комуникација за развој на глобалното, претставуваат императив. Развојот на телекомуникацискиот сектор е најбрзорастечка гранка на индустријата во денешното глобално општество. Потребата на човештвото да се информира помеѓу себе, директно придонесува за развој и на медиумскиот сектор. Појавата на разните видови на медиумски можности не се гледа веќе само во телевизијата, туку и во развојот на интернет секторот пред сè. Во денешното компјутеризирано општество, добиваме слика како тоа изгледа. Преку глобалната мрежа имаме пристап до безбројни податоци кои луѓето ги споделуваат. Користењето на тие податоци е подостапно како никогаш досега. Нивното делување врз развојот на глобалната свест  е запрепастувачко. Универзалните идеи полека го одделуваат човештвото од зависноста на своите држави, што од своја страна е појава која никогаш претходно не била доживеана. Глобализмот, во однос на комуникацијата е со толку силен потенцијал , што успева да го креира општествениот стил на живот.  Сето тоа во голема мера зависи од комуникацијата и развојот на технологијата која ја поддржува и усовршува, но и на оние кои имаат контрола над истите. Тука пред сè влегуваат медиумските носители кои ја имаат таа способност, преку филмската и маркетинг индустрија, билбордите поткрепени од најновите технолошки достигнувања во поглед на сè покомплексни и преполни со можности монитори, поставени на места каде што народот секојдневно се движи и магазини кои за целна група имаат одредени делови на населението, да дејствуваат и да бидат сигурни дека нивните идеи во најголем дел ќе бидат допадливи. Сите тие воглавно, го разбираат народот како база на клиенти и на тој начин директно делуваат врз неговите културните текови.

“Мас медиумите претставуваат во исто време и форма на бизнис, чиј профит е масивен и е скоро секогаш на сметка на квалитетот. Спектакуларно е што малкумина имаат контрола над овие алатки, па истата појава добива и име и се нарекува: “Чувар на портата”. Ова секако се однесува на тоа како материјалот треба да се спакува и да патува до целната група” (Gitlin, Todd 2002:140). Не е тајна, дека и управите на државите се обидуваат да ги искористат тие неверојатни можности на делување, затоа што преку развојот на комуникациската технологија, комуницирањето и медиумската изложеност, нивното делување е доведено до перфекција. Впрочем, некои држави (секако мислиме на оние кои управуваат со истите) самите ја преземаат таа улога на “Чувари на портата”. Како илустрација ќе наведеме дека “во 97 земји, 60 проценти од највлијателните пет Тв станици и 72 проценти од најголемите радио станици се под државна контрола” (Исто), или во најмала рака, влијание. Мануел Кастелс дава навистина необично видување за информацијата денес како форма на потреба и притоа вели: “Информатичката технологија не е причина за промените во кои ние живееме. Но, без нови информатички и комуникациски технологии ништо од она што ги менува нашите животи не би било можно. Во 1990-тите целата планета е организирана околу телекомунициските мрежи и компјутерски информациски системи и комуникациски процеси. Од целиот домен на човековата активност, зависи основата на моќта на информациите, во низа на технолошките иновации кои го забрзуваат темпото секој месец. Богатството на обработка на информациските капацитети напредува со огромни чекори...Развојот на софтверот овозможува лесно управување на компјутерите, така што милиони деца, обезбедени со соодветно образование, може да напредуваат во нивното знаење и во нивните способности да создат богатство, многу побрзо од било која претходна генерација” (Castells, Manuel 1999:2).

*2. Религијата и процесот на комуникација*

Важно е да се определи каде религијата во моментов се наоѓа во областа на комуникацијата. Верските информации би можеле да бидат сместени или во самата порака на оној кој ја испраќа, или во рамките на оној кој ја прима истата... Когнитивната теорија за масовна комуникација вели дека луѓето често ги користат симболите за да ги обработат и да ги разберат искуствата, кои имаат потреба од проценка и акција. Бандура тврди дека овие симболи често доаѓаат преку различни извори. Медиумите имаат способност да ги заменуваат традиционалните комуникациски пораки кои вообичаено се резервирани за социјални стандарди (семејството, пријателите, човечкото опкружување...) , а медиумската порака, како што е телевизијата, го зема местото на социјален актер и има капацитет да ни каже што е важно во нашето опкружување (Bandura, 2001).

"Во современоста, погледот на индивидуата се најде под силно влијание на масмедиумите. Размислувањето (во голема мера) зависи од телевизијата, како и од информациите и мислењата кои доаѓаат до нас од страна на некој друг начин (интернетот, пред сè). Многу негативно влијание се прави од страна на филмови во кои е прикажано насилство, убиства, блуд, прељуба и сите видови на злосторства. Она што сите го гледаат, несвесно се зема како нешто природно. Не се прави разлика меѓу реалниот живот и сликата на филмот. Многу програми се со антирелигиозна природа, каде што се пропагира живот полн со страсти и разврат. Многумина велат дека тие немаат време да учествуваат во црковните служби, па дури и да се молат насамо, но поминуваат часови дневно гледање во ТВ екраните. Ако се направи темелна анализа на нашиот денешен живот, ќе видиме дека има постојана борба за поседување на нашите мисли..." http://www.bogoslov.ru/en/text/1243104.html )

Сето, погоре споменато, служи како прелиминарен влез за религијата во светот на глобалното вмрежување. "Религијата е симболот што луѓето ги користат за да го разберат светот околу нив" (Bellah, 1970). Поради тоа, "религиозниот симбол може да биде моќна сила во комуникацијата. Религиозните симболи може да се манифестираат во многу форми. Понекогаш, свет текст или приказна, се

користат како симбол за насочување и разбирање на тешки концепти. Понекогаш религиозното верување и систем во целина е симболичен модел преку кои луѓето ги водат нивните животи. Следниот логичен чекор е да се претпостави дека верското убедување може да послужи како една општествена група слична на раса, етничка припадност или пол. Преку поволен одговор на процесуирани пораки и доколку пораката е складна, се зајакнуваат личните убедувања на примачот" (Chang, 2002 ) кај (Walker, Timothy James, 2008:12-13).

*3..Христијанството и медиумите*

Христијанските верски заедници во Европа, (која е особено плодно тло за медиумско покривање, со оглед на нејзината развиена комуникациска мрежа), сѐ повеќе се приклучуваат кон трендот на користење на сите медиумски и комуникациски средства за да допрат преку технолошкиот напредок до луѓето.

Особено внимание треба да се обрати на потенцијалот на глобалната интернет мрежа која претставува најголем предизвик за мисијата на Христијанството денес, со оглед на неговото глобално значење во смисла дека неговата моќ може да го креира јавното мислење, особено кај помладите генерации. Интересно е да се напомене дека со самите почетоци на интернетот "христијанските ставови кон него се огледуваат преку односот на христијанските компјутерски ентузијасти, кои беа меѓу првите иноватори во интернет сферата. Самото тоа доведува до можности да се дознава повеќе за Христијанството уште од самите почетоци на глобалната мрежа. Освен добивањето на информации, почнуваат да се користат и онлајн проповеди, кои имаат единствена цел да допрат до што поголем број на луѓеза да се изнесат ставови на општохристијанските пораки, но и промоција на одредени христијански групи кои овде ја гледаат можноста за напредување. Се истражуваат верски убедувања и искуства преку голем број на веб-сајтови, виртуелни простории за разговор и e-mail групи за дискусија посветени на различни прашања поврзани со верата. Од една страна, овие нови можности се лесно прифатени, но од друга страна истите се среќаваат со скептицизам. Не е мал бројот на христијанските научници кои нудат различни толкувања на религиските процеси кои се поврзани со интернет

технологијата. Спектарот на нивната критика, позитивна или негативна, се движи од предупредувања за потенцијално заведување и измама преку интернет технологијата и виртуелните светови кои истата помага да се создадат, па сѐ до ентузијазам во застапување на интернетот како основна алатка за христијанска проповед.

Некои христијански теолози пак, тврдат дека интернетот им дава можност на луѓето да се поврзат со верските убедувања во постмодерното општество со обезбедување можности за истражување на духовноста во "електронска средина". Интернетот во некои аспекти е виртуелно искуство за патување во непознати земји за да се доживее искуство за Бога, за светото итн"...Предизвиците на интернетот не би требало да ги поттикнува верниците на бегство од потенцијалните придобивки што може да дојдат преку споделување на традиционалните презентации на Евангелието со нови технологии" (Babin, P., & Zukowski, A. 2002).

Во последните десет години сѐ поголем број на емпириски студии го испитувале влијанието на интернетот врз Христијанството. На пример, Глен Јанг вели дека тн. "Интернет христијанството" е база за обезбедување на традиционални религиозни информации и форми на христијанската пракса. Преку проучување на христијанските веб сајт корисници Мајкл Лејни покажува дека тие главно го користат интернетот за добивање на информации и воспоставување на односи кои ги зајакнуваат личните верувања. На тој начин интернетот се гледа како алатка и важен сегмент за практикување на слободата на говорот и пристапот до информации. Преку оваа можност, некои гледаат со надеж за процут на евангелската порака и за промоција на правдата и еднаквоста. Други, пак, се плашат од ширење на лажни и штетни пораки, како и промоција на однесување кои ги би предизвикале социјална изолација и исклучување од локалните заедници. Исто така, од еднакво значење би било третирањето на верските власти и дали интернетот може да влијае врз традиционалните верски хиерархии. Факт е дека интернетот доведува нови лидери како верски толкувачи на теолошки идеи, односно духовни водичи на групи, па тука се поставува прашањето: каков

третман треба да имаат некои онлајн текстови кои се всушност дигитализирани традиционални религиозни текстови и системи на толкување? Како online верскиот дискурс ги трансформира луѓето кон разбирање на општото христијанско учење, или на верскиот идентитет на одредена група? Лорн Досон шпекулира дека интернет сферата ќе резултира со "ширење на дезинформации" од страна на противниците на одредени верски групи или незадоволни инсајдери, а тоа би довело до "губење на контрола врз религиозни материјали" од страна на верските организации. Тоа би отворило нови опасности за поттикнување на растот на неофицијални или алтернативни идеи на традиционалните определби". Тоа прераснува во загриженост дека интернетот ќе создаде нови религиозни власти, во смисла дека модератори на онлајн групи би се третирале како легитимна духовна власт од страна на членовите на онлајн верската заедница. Интерактивниот карактер на мрежните технологии им овозможува на луѓето не само да пристапат кон алтернативни извори на информации, но исто така и да создадат свои места за известување преку различни социјални медиумски платформи, како на пр. блогови, Твитер, Фејсбук и други социјални мрежи и контакти. Во таа смисла, сосема неопходно е да се испитува што е тоа што ги привлекува луѓето на интернет како место да се добијат информации и да се поврзат со други луѓе и зошто тие избираат некои други извори на интернет над другите? Многу социјални медиумски платформи, како што се Фејсбук и Јутјуб, не се погодни за формални богословски дискусии, но парчиња на текст, видео и линкови до други извори на интернет станаа правило на социјалната интеракција на овие сајтови... Корисниците можат да изградат социјални врски кои се неограничени од страна на традиционалните ограничувања. Мрежните мобилни технологии исто така, им овозможува на луѓето да бидат присутни на различни начини во локалните собири преку користење на нивните преносни апарати за вмрежување, преку кои би се провериле фактите на нивниот проповедник, за време на проповед!?! Овие нови функции на социјалните медиуми претставуваат предизвик на традиционалниот принцип, во смисла дека може да се бараат одговори на прашања, без да се оди кај свештени лица или пак, други верски лидери. Овие предизвици за верските

власти, сепак треба да се стават во поголем контекст на променливите социјални модели и ставови во однос на верските институции во западното општество. Дури и пред појавата на интернетот, начинот на живот на луѓето е мобилен и тие се склони да се идентификуваат помалку со локалното собрание или христијанска деноминација. Нивните религиозни идентитети, сè повеќе се врзани за персоналните мрежи на пријатели и познаници кои ги познаваат преку телекомуникациските технологии, а не на локалните верски заедници врзани заедно преку просторни и семејни врски. Масовните медиуми имаат неверојатно важна улога во полето на верата, па религиозните власти го прифаќаат предизвикот и сè повеќе се појавуваат во јавноста каде што им ги презентираат на гледачите и слушателите нивните, односно официјалните гледишта на својата традиционална верска заедница и нивните авторитети (Campbell, A.Heidi and Paul Emerson Teusner 2011:60-62).

*3.Римокатоличката црква и масмедиумскиот сектор*

Римокатоличката црква овој сектор го гледа како официјален дел на нејзиното делување и токму од таа причина истото го официјализира преку формирање на Секретаријат за комуникации како официјално тело на Римската курија на 27 Јуни, 2015, кога Папата Франциско преку Motu proprio (по свој импулс" - е документ издаден од страна на папата (или на еден монарх ) по сопствена иницијатива и лично потпишани од него)
(https://en.wikipedia.org/wiki/Motu_proprio#cite_note-ODCC-1).
основаше Секретаријат за комуникации"( http://www.news.va/en/news/pope-francis-promulgates-motu-proprio-instituting). Преку истиот (документ) се утврдува дека сите канцеларии за комуникации ќе бидат вклучени под раководство и надлежност на Секретаријатот за комуникации, вклучувајќи Папскиот совет за социјални комуникации, канцеларијата за печат на Светата Столица, Ватикан интернет сервисот , Радио Ватикан , на телевизискиот центар Ватикан (CTV) , на Osservatore Romano, Ватиканската Типографија, фотографски услуги, како и издавачката куќа на Ватикан ( Libreria Editrice Vaticana ).

Според горенаведеното, Римокатоличката црква се обидува да го покрие просторот на медиумското претставување во најголема мера, колку што дозволуваат моралните критериуми кои се дел од црковната мисионерска дејност.

Во повеќето доминантни теми во официјалниот католички дискурс за интернетот е потенцијалот и неговата вредност за евангелизација. Ова воопшто не изненадува, со оглед на теолошката традиција олицетворена во документи како што се Интер Mirifica (Втор ватикански собор, 1963) и Communio et Progressio (Папскиот совет, 1971), кои гледаат на медиумите во голема мера во позитивна смисла (сè додека тие се користат правилно) како "дарови Божји" и "инструменти на социјалната комуникација", што ќе се користат за потребите на мисијата. Суштинската позиција која беше утврдена во пораката за Светскиот ден на комуникациите за 1990 година (околу пет години пред појавата на Интернет, всушност, стана реалност за значителен број на луѓе) е дека е правилно да се прати христијанската порака во компјутерската култура. "Црквата исто така мора да ги искористи предностите на новите ресурси обезбедени од страна на човечкото истражување во компјутерската и сателитската технологија за постојано исполнување на задачата за евангелизација" (Јован Павле Втори, 1990а).
Веб-страната на Ватикан за првпат беше формирана во 1995 година, откако папата Јован Павле Втори стана отворен кон со можностите за новата технологија. Сестра Judith Zoberlein, вебмастер на Ватикан вели: "Значи, кога беше предложено на (Папата) Јован Павле Втори, тој веднаш се приознесе позитивно. "(de Vaujany, 2006, стр. 366). Овој основен пристап се повтори и се прошири во голем број на документи во текот на следните две децении. Во текот на 1990-тите години на Светскиот ден на пораките повторно во темите за евангелизација се допре односот со различни медиуми. Во пораката за 2001 година, папата зборувал за "позитивните капацитети на интернетот за промовирање на верски информации и настава надвор од сите бариери и граници" (папата Јован Павле II, 2001). Следната година во порака со наслов “Интернет форум за прогласување на Евангелието”, тврди дека "новиот свет на сајбер-просторот е покана за голема авантура за користење на потенцијалот за проповед на евангелската порака", но

нагласува дека "електронскиот пристап можеби никогаш нема да го заземе местото на директните контакти меѓу луѓето кои се потребни за вистинска евангелизација "( Јован Павле II, 2002).

Во рамките на понтификатот на Бенедикт XVI, Ватикан презеде повеќе иницијативи за проширување на своето интернет присуство преку вклучување во 2008 година на ТВ-канал на Youtube, а во 2009, Pope2You Фејсбук профил. Овие практични иницијативи беа придружени со Денот на пораките во 2009 година во кој Папата ги повика младите луѓе да го евангелизираат "дигиталниот континент" (Бенедикт XVI, 2009), а во 2010 година во која тој го охрабруваше свештенството да станат "ентузијасти и проповедници на Евангелието во нова агора која тековните медиуми повторно ја отвораат "(Бенедикт XVI, 2010; Мухика, 2010).

Темата за совладување на нови јазици на дигиталниот свет за првпат беше изразена во енцикликата на папата Јован Павле за евангелизација, Redemptoris Missio во која тој забележа дека медиумите беа нов " Ареопаг " и тоа дека самата евангелизација на модерната култура зависи во голема мера од влијанието на медиумите... со оглед дека "нова култура" не произлегува само од она што досегашната содржина го изразува, туку и од самиот факт дека постојат нови начини на комуникација, со нови јазици, нови техники и нова психологија (Јован Павле, 1990). “Папата тврди дека "свештениците со право може да се очекува да бидат присутни во светот на дигиталните комуникации како верни сведоци на Евангелието, кои спроведуваат соодветни улоги како лидери на заедниците кои сè повеќе се изразуваат со различните "гласови" обезбедени од страна на дигиталниот свет. (На овој начин) свештениците се соочуваат со предизвикот за проповед на Евангелието со ангажирање на последните генерации на аудиовизуелни средства (слики, видеа, анимирани карактеристики, блогови, веб-сајтови), кои заедно со традиционалните средства, може да отворат нови хоризонти за дијалог, евангелизација и катихеза” (Бенедикт XVI, 2010 година).

Во пораката од 2011 година, Папата го привлекува вниманието на дигиталните профили на луѓето на социјалните мрежи, како форма на сведоци: "проповед на Евангелието преку новите медиуми не значи само да вметнете задолжително

религиозна содржина во различни медиумски платформи , но исто така, да бидете сведоци преку еден свој дигитален профил за (вистинскиот) начин на кој се комуницира  за изборот, параметрите, како и давањето суд (и оцена) кои се целосно во согласност со Евангелието, дури и кога не се зборува конкретно. "

Католичката критика на употреба на интернетот за евангелизација има тенденција да се концентрира на јазот помеѓу тежнеењето и реалноста. Еден добар пример е даден од страна на Жан Мишел ди Фалко, претседателот на Европската епископската комисија за медиуми на конференцијата организирана во Рим во 2009 година, во која тој коментира дека евангелските веб-сајтови често се повеќе од добредојдени на заинтересираните... Тој ги повика католиците да имаат поотворен пристап и да се справат со новиот јазик на глобалната мрежа (di Falco Leandri, 2009). “Католичкиот одговор на интернетот може да се гледа од аспект на "официјализирање дискурс". Овој дискурс има за цел, не само да промовира употреба на технологијата, но исто така да постави дефинирани граници за употреба во услови на теолошки верувања и општествени вредности " (Campbell, 2010:144). Овој процес е дел од едно пошироко "взаемно врамување на технологијата", која вклучува " користење на јазикот и симболите кои даваат јасна рамка за тоа како новата технологија треба да се гледа или интегрира во заедницата " (Исто 134).

Папата Бенедикт XVI вели: “Човештвото денес се наоѓа на крстопат... Двосмисленоста на напредокот нуди нови можности за добро, но во исто време, отвора можности за ужасни зла кои порано не постоеле. Ние мора да побараме, дали  е мудро да се овозможи на инструментите на социјалната комуникација да се користат за неселективна "себе-промоција", или да завршат во рацете на оние кои ги користат за да се манипулира со свеста. Тоа треба да биде приоритет, за да се осигура дека тие остануваат во служба на човекот и на општото добро и да се негува "етичкото формирање на човекот ... внатрешен раст на човекот. Нивното необично влијание врз животите на поединците и на општеството е широко прифатено, но денес е неопходно да се укаже на радикалната промена, може да се каже дури и на целосна промена на улогата, што моментално е во тек. Денес,

комуникациите се чини дека сè повеќе не ја претставуваат реалноста,...благодарение на моќта и силата на сугестија која ја поседуваат. Јасно е, на пример, дека во одредени ситуации медиумите не се користат соодветно со цел на ширење на информации, но за да се "создадат" настани. Оваа опасна промена на функцијата е забележана со загриженост од страна на многу црковни водачи. Токму поради тоа, ние се занимаваме со реалности кои имаат големо влијание врз сите оние димензии на човечкиот живот (морални, интелектуални, верски, релациони, ефективни, културни), а кога доброто на личноста е во прашање, ние мора да нагласиме дека не сè што е технички можно, е и етички дозволиво. Според тоа, влијанието на медиумите и комуникациите на модерниот живот покренуваат неизбежни прашања, кои бараат одлуки и решенија, кои повеќе не може да се одложуваат" (BENEDICT XVI 2008).

Римокатоличката црква глобалните комуникации ги гледа како нешто кое треба да биде контролирано преку моралните норми на Христијанството. Сето тоа е новина, со оглед на тоа што ниеден авторитет на истата воопшто не покренал иницијатива за контрола врз протокот на информации која би ја спровела некоја влада, односно нејзин орган и сл. Туку, сета алтернативна "реалност" што медиумите во секоја сфера имаат можност да ја користат преку лиферувани вести со конкретна цел - креирање на јавно мислење во врска со некоја тема, нарачани или не, односно слободниот проток на интернетот во кој има работи кои се штетни за моралниот кодекс за однесување, таа се обидува да го зголеми нејзиното присуство на истотото тоа медиумско поле со мисионерска и црковна тематика преку нејзините средства за комуникација. Па, токму по таа линија се изјаснува и папата Јован Павле II велејќи: "Следува дека Црквата не смее да не биде уште подлабоко инволвирана во поголема мера во светот на комуникациите. Глобалната комуникациска мрежа се шири и расте од ден на ден, а медиумите имаат сè повидлив ефект врз културата и нејзиното пренесување. Кога медиумите известуваат за настани, тие настани често се обликуваат за да се задоволат барањата на медиумите. Па така, односот помеѓу реалноста и медиумите стана посодржаен и ова е длабоко амбивалентен феномен. Од една страна, тоа може да ја замагли

разликата меѓу вистината и илузијата, но од друга страна, тоа може да отвори невидени можности за вистината да биде пошироко достапна за многу повеќе луѓе. Задачата на Црквата е да се осигура дека всушност ќе се случува ова последното”.
(http://w2.vatican.va/content/john-paul-ii/en/messages/communications/documents/hf_jp-ii_mes_20010124_world-communications-day.html).

4. *Православната Црква и масмедиумскиот сектор*

Православната црква во однос на масмедиумскиот сектор се карактеризира со расчленување на оваа проблематика помеѓу помесните цркви, од кои секоја на свој начин и според своите можности го уредува ова прашање, но од друга страна тие и заедно делуваат, особено во смисла на заеднички став во однос на некој проблем, или понуда на решенија за современите предизвици кои произлегуваат од модерната медио-комуникациска сфера.

Руската православна црква преку нејзините тела дава свое видување во однос на медиумската проблематика и истовремено нуди пораки како да се однесуваат членовите на црквата во однос на истите. Нејзиниот став воглавно се аплицира и кај останатите помесни православни цркви кои овие упатства ги спроведуваат и практикуваат помалку или повеќе. Истите се дадени во вид на официјален документ кој носи назив: *“Основи на социјалниот концепт”- XV. “Црквата и мас-медиумите” –*

-XV. 1. “медиумите играат сè поголема улога во современиот свет. Црквата ја почитува работата на новинарите и ги повикува да им обезбедат на пошироката јавност информации за светските случувања, помагање на луѓето да се ориентираат во денешната комплексна реалност. Важно е да се запамети во исто време дека информациите на гледачот, слушателот и читателот треба да се базираат не само на цврста посветеност на вистината, но исто така грижа за моралната состојба на поединецот и општеството. Ова вклучува интерпретација на позитивни идеали, како и борба против ширењето на злото, гревот и порокот.

Пропагандата на насилството, непријателството, омраза, етнички, социјални и верски расколи и грешната експлоатација на човечките инстинкти, вклучително и за комерцијални цели, се неприфатливи. Средствата за јавно информирање, кои имаат огромно влијание врз публиката, носат голема одговорност за образованието на луѓето, особено на помладата генерација. Новинарите и меди-умските менаџери никогаш не треба да заборават на оваа одговорност.

XV. 2. Образовната, учителската, социјалната и миротворната мисија на Црквата е во линија да се задржи нејзината соработка со секуларните медиуми способни за покренување на нејзината порака до различни делови на општеството. Свети Петар ги повикува Христијаните: "...бидете секогаш подготвени со кротост и страв за одговор на секого, кој од вас ќе побара сметка за вашата надеж" (1 Пет. 3:15). Било да е некој свештеник или лаик, уредно треба да внимава на контактите со секуларните медиуми во поглед на извршување на својата пастирска и образовна работа и будењето на интерес на секуларното општество во различни аспекти на црковниот живот и христијанската култура.
При тоа, потребно е да се покаже мудрост, одговорност и внимателност во однос на гледиштето на одреден масовен медиум за верата и Црквата, својата морална ориентација и односи со црковните власти. Православните верници можат да бидат вработени од страна на медиумите и во нивната работа тие се повикани да бидат проповедници и реализатори на христијанските морални идеали. Новинари, кои објавуваат материјали кои ги расипуваат човечките души треба да подлежат на канонски забрани ако тие припаѓаат на Православната Црква.

Црквата има свои медиумски средства, благословени од црковните власти, во рамките на секоја од конкретните типови мас медиуми (печатот, радиото, и електронските (медиуми). Таа е таму присутна преку официјалните институции или приватни иницијативи на свештенството и народот. Истовремено, Црквата се поврзува со секуларните медиуми преку нејзините институции и овластени претставници. Оваа интеракција се врши и преку создавање на посебни форми на црковното присуство во секуларните масмедиуми, како што се специ-

јални додатоци за весници и списанија, специјална страница, ТВ и радио серии и рубрики, учество во разни форми на јавни дијалози и дебати. Црквата, исто така, дава консултативна помош на новинарите, ги дистрибуира извештаите подготвени специјално за нив, ги обезбедува со референтни материјали, како и аудио и видео помагала, како што се филмови, снимки и репродукции.

Соработката на Црквата и медиумите подразбира заедничка одговорност. Во информациите дадени на еден новинар за да бидат пренесени до публиката, треба да се биде сигурен. Мислењата на свештенството, или други претставници на Црквата, кои се објавуваат преку мас медиумите, треба да се во согласност со нејзиното учење и став за јавните прашања. Ако е изразено чисто приватно мислење, тоа треба да биде јасно наведено како од страна на лицето кое зборува преку масмедиумите, така и од одговорните за комуникацијата. Соработката на свештенството и црковните институции со медиумите треба да се врши под раководство на црковните власти доколку ги опфаќа пошироките активности и водството на епархиските власти во известувањето за животот на епархијата на регионално ниво.

XV. 3 Како што Црквата и медиумите ги развиваат своите односи, можат да произлезат компликации, па дури и посериозни конфликти. Проблеми може да настанат, особено, поради неточни или искривени информации во врска црковниот живот, ставајќи го во несоодветен контекст, (или) конфузен личен став на новинар или лице да се наведе како став на целата Црква. Односите помеѓу Црквата и медиумите често се помрачуваат, исто така и поради вина на свештенството и самите лаици, на пример кога тие без оправдување одбиваат да им дадат на новинарите пристап до информации или реагираат пречувствително на вистинска и правилна критика. Ваквите проблеми треба да се решаваат во духот на мирен дијалог, со цел да се отстранат недоразбирањата и да се продолжи соработката.

Во исто време, се чини дека подлабок и принципиелен конфликт се појавува во односите меѓу Црквата и световните мас медиуми. Ова се случува кога името Божјо се хули, други хули се изговараат, информациите за црковниот живот систематски се искривени свесно, или кога Црквата и нејзините службеници

се намерно наклеветени. Во случај на појава на конфликт, врховните црковни власти (во однос на националните медиуми) или епархиски епископ (во однос на регионалните и локалните гласила), по издавањето на такво предупредување и најмалку еден обид да се влезе во преговори, може да ги преземе следниве чекори: да ги прекине односите со масовен медиум, или односниот новинар; да се повикаат верните на бојкот на дадениот мас медиум; да се апелира до владините тела да помогнат во решавањето на конфликтот; да ги подложи виновните за грешни постапки на канонски забрани, доколку тие се православни христијани. Горенаведените активности треба да бидат документирани и да станат познати во паствата и општеството во целина" .
(https://mospat.ru/en/documents/social-concepts/xv/).

Воглавно, медиумскиот простор од помесните православни цркви се пополнува преку формирање на телевизии кои се под директна надлежност на црквите, со зголемено присуство на национални или локални телевизии со директен пренос на секојдневните, неделните и празничните богослужби, лиферување во етер на емисии со религиски теми, учество во дебати или едноставно контакт преку емисии кои директно се пренесуваат, а на кои има прашања до свештени лица или теолози.

Интернет просторот се покрива преку формирање на официјални веб страни на секоја помесна црква поединечно, на кои истите објавуваат вести, одговори на поставени прашања од религиска тематика, официјални документи и соопштенија.

Освен официјалните страници, постојат многу други кои се во надлежност на епархиите кои се составен дел на помесните цркви, кои воглавно ја имаат истата карактеристика како гореспоменатите, со тоа што својата дејност ја насочуваат претежно на локално ниво. Во таа смисла се одржуваат и веб страни кои се парохиски, манастирски, или кои припаѓаат на богословски школи, кои претставуваат единици со пониско ниво од епархиското.

Постојат и веб страници кои се одржувани од свештени лица кои имаат свои блогови, или од православни здруженија кои не се официјално поврзани со епархиска или пак, парохиска дејност и сл.

Во телевизиското присуство Руската православна црква е водечка и во моментов има две Тв станици: Сојуз (Союз) и Спас .

Сојуз е "првата руска православна телевизија, која ја базира својата работа на православните вредности. Таа е основана во 2005 година во Екатеринбуржката епархија на Руската православна црква, врз основа на свое ТВ студио и стекнато (право) на секуларна телевизија" (http://wwitv.com/tv_channels/b4825.htm). Истата во 2010 година го проширува своето присуство во цела Европа, Блискиот Исток, Северна Африка и Северна Америка преку сателитско емитување (http://www.pravoslavie.ru/english/42268.htm).

ТВ Спас почнал со емитување на 28 јули 2005 година. Мисијата на каналот е формирање на моралната филозофија и систем на вредности кои се потребни за ефективен развој на државата, врз основа на православните вредности, како и развивање и јакнење на духовните и моралните основи на руската држава. Позицијата на каналот се совпаѓа со трендот на општоцрковна тенденција за зајакнување на општествената активност на Руската Православна Црква и продлабочување на конструктивниот дијалог со руското општество. Главните активности се :

-Вести – кои ги покриваат активностите на Руската Православна Црква - Московска Патријаршија, Негова Светост Патријархот Московски и на цела Русија, ставови на Руската Православна Црква за настаните од политичкиот, економскиот и културниот живот во Русија...

-Образовни – духовно, морално и верско образование на рускиот народ, особено на децата и младите. Им се дава можност да се здобијат со знаење за Бога, Православието и православната култура.

-Катехизација - односно поучување на народот во верата"
( http://www.spastv.ru/history.html)

Освен нив постојат уште неколку православни радио-телевизиски канали во Европа од кои :

-4Е телевизија и радио кој е под контрола на Православната Црква на Грција;

Апостолија Тв (Apostolia TV) која е телевизиски канал на Романската Митрополија за западна и јужна Европа, базирана во Франција (http://www.orthodox-christianity.org/massmedia/tv/), како и многу интернет радија (од кои некои се базирани во САД, но се особено популарни и во Европа) :

- Peiraiki Ekklisia 24-hour Greek Orthodox Radio Station
- Ancient Faith Radio, 24-hour Orthodox radio station providing Internet-based Orthodox programming including an extensive list of podcasts.
- True Wisdom Radio- Features a collection of Homilies by Fr. Jon Braun, and Orthodox music of liturgy and worship by the Archangel Voices.
- Icon New Media Network - The Icon New Media Network where Orthodox Christianity is the future of American spirituality.
- INBN.net - The Incarnation Broadcasting Network offers 24-hour Orthodox radio broadcasting on the internet.
- Orthodoxiya Radio (Listen direct): Arabic Greek Eastern Orthodox Radio.
- Sion Radio (Live stream) Bulgarian Orthodox radio
- Ecclesia Radio (Greek)
- Radio Martyria (Crete)
- Radio Svetigora (Serbian)
- Radio Iveria (Georgian)
- Radio Trinitas< (Romanian)
- Radio Lumina (Romanian)
- Radio Reintregirea(Romanian)
- The Ark (from OCN) - 24-hour Orthodox radio station featuring contemporary music and talk

- The Rudder (from OCN) - 24-hour Orthodox radio station featuring liturgical music and talk
- ACORN: Antiochian Christian Orthodox Radio Network (English)

Извор: http://orthodoxwiki.org/Orthodox_Media

5. *Протестантските цркви и масмедиумскиот сектор*

Протестантските заедници се прилично активни на полето на медиумите, со општ афирмативно-либерален став по истото прашање, сметајќи дека модерните медио-комуникациски можности се голема придобивка за човештвото доколку се користат мудро, додека поконкретно Лутеранската црква, преку бискупот на Евангелско-Лутеранската Црква во Виртемберг, Германија и потпретседател на Светската Лутеранска Федерација (СЛФ) за Централно-Западна Европа д-р Френк О. Јули, дава видување за општиот предизвик на масмедиумската сфера, велејќи "го ценам зголемувањето на користењето на новите медиуми и се прашувам како овие можат да се искористат за... подобрување на односите не само меѓу Христијаните, туку и меѓу луѓето од различни вери. Некои од предизвиците со кои се соочуваат (Христијаните) денес е тоа што живееме во свет со скршени традиции. Ова исто така значи дека ние веќе не сме во можност да ја пренесеме и доставиме содржината на верата автоматски... Дознав дека младите луѓе се во можност да ги користат новите медиуми и многу подобро од мене социјалните мрежи. И мислам дека тоа е потребно и важно за црквата да оди длабоко во себе во тој нов простор на новите медиуми. Сепак, новите медиуми "никогаш не може да ја заменат комуникацијата лице в лице, која станува сè поважна. Ние мора да бидеме во близина на луѓе. И ние треба да се ориентираме во она што го правиме и активно промовираме". (2014) (https://www.lutheranworld.org/news/impulses-new-media-european-lutheran-churches-some-war-reality).

Специфично гледиште има во анализата на Нора Братхол (Nora Brathol), основач и консултант  на социјален медиум за општо добро, која лутеранскиот либерализам потполно го подржува сметајќи, дека користењето на интернетот низ социјалните мрежи пред сè, може да се користи како алтернатива на религиозното доживување на собранијата. Таа тврди дека поттикнувањето на користењето на социјалните медиуми за време на богослужба е контроверзен, но сепак, тоа е лесно да се интегрира во други настани во собранијата. Гледање и споделување на видео клипови на соборни средби, ги охрабрува повратните  информации преку социјалните медиуми да се споделуваат содржини испратени од страна на партнерските организации или синодот... Социјалните медиуми се одличен нов облик на промоција и верниците кои го прифаќаат и добро го користат  истото ќе имаат  голем успех. Тоа не е замена за билтени, членоци... или било која друга форма на комуникација кое (лутеранското) собрание моментално го користи" (http://www.elca.org/Living-Lutheran/Blogs/2014/03/140325-Social-media-commandments) 2014.

Протестантите поседуваат голем број на медиумски средства кои се под контрола на месните синоди, или организации кои истите ги подржуваат. Истите продуцираат емисии и детски серии со христијанска религиозна содржина, како и многу други веб страни кои редовно објавуваат вести, проповеди и размислувања.

## *7. Религиозноста и доктринарниот концепт на Христијанството*

За да се сфати значењето на Христијанството преку доктринарните принципи, неопходно е да се гледа на него како организиран систем кој е хиерархиски поставен и има религиски компоненти кои го прават забележливо во надворешниот свет, во смисла на организација. Ова го констатира и Лакман велејќи дека "развојот на специјализирана официјална религија различна од популарната или народна религија и други неофицијални религиски елементи е резултат од историскиот процес на институционална диференцијација... Модерната религија...се карактеризира со институционална специјализација: стандардизација на поглед на светот во добро дефинирана доктрина, (религиски практики практикувани од специјално обучени лица), и организација за контрола на сложувањето на доктрината и ритуалот, за разгласување на групните учења и за промоција на програмата на организацијата...На овој начин, специјализираните институции за религија стануваат фокус на општествено внимание кон религијата. Секоја институционално специјализирана религија типично ги зацврстува нејзините верувања, вредности и практики во кохерентен модел. Овие официјални модели вообичаено вклучуваат предодредена доктрина, множество од етички стандарди...и институционална организација" (Лакман 1967:66 кај Meredith Mc Guire 163-164).

### *1. Религиозноста и Христијанството*

Христијанството, покрај тоа што е социокултурен феномен, сепак, истото пред сè, претставува верски систем кој, иако има различни верски заедници кои се со предзнак христијански, има доктринарни принципи кои се однесуваат на него во целина. Проблемите и предизвиците со кои Христијанството се соочува во европските општества длабоко го тангираат самиот корен на моралните вредности кои ги пропагира. Односот кон проблемите кои се карактерна особина на денешна Европа, а кои истата поради секуларно-хуманистичкиот пристап ги смета за морални, хумани, справедливи и воопшто, возвишени модерни вреднос-

ти, за Христијанството претставуваат девијација, злоупотреба на личната слобода, напуштање на од Бога востановените принципи и сл. Тоа најчесто се огледува во третирањето на денешните најчесто споменувани теми: абортусот, користењето на контрацепцијата, вештачкото оплодување, хомосексуалноста, суровата секуларност, седозволеноста итн. Па, затоа можеме да разликуваме две форми на религиозност: индивидуална религија и официјален модел. Во смисла колку и како верникот е интегриран во официјалниот модел, многу членови може да не знаат некои делови од официјалниот модел како што се основите на верата, а да се претставуваат за верници, но и доколку и имаат познавање на верата, тоа да не кореспондира со нејзино практикување и сл. Затоа индивидуите во многу случаи се некохерентни и незаинтересирани и за самите практики (Bibi, 1983). Тоа со себе повлекува сива зона во која толкувањето на поединците во однос на некои прашања од големо морално значење воопшто да не се сложува со официјалното толкување на црквата на која ѝ припаѓаат. Истражувањето на индивидуалната религија методолошки е неиздржано, со оглед на тоа дека истите тие податоци можат да бидат афирмативни или не. На пример, доколку е поставено прашање на која верска заедница одредено лице припаѓа одговорот може да биде: римокатолик, православен, протестант итн. Но, доколку се оди во детали, може да се постави и прашање во која група: традиционален, конзервативен, либерален, номинален... Па, и доколку се добијат одредени одговори, истите треба да се вметнат во официјалните ставови на верската заедница на која ѝ припаѓаат. На тој начин нема да се добие едноставен статистички показател (Mc Guire, 172). Посетеноста на богослужбите на пример и декларативното Христијанство никогаш не кореспондира со иста бројна состојба, но со оглед на тоа дека членството во Црквата се брои преку бројот на крштевања, сепак се добива одредена бројка која е официјална. Секое толкување на поединци кое не кореспондира со официјалното учење на официјалната Црква се смета како личен став. Па, поради тоа, кај црквите понекогаш се појавува двојност во однос на правење на компромис, кој речиси секогаш доведува до отстапување, па дури и загуба на членови, или во најмала рака подржувачи. Приспособувањето на

доктринарните тврдења со некои световни појави, за да се добие потолерантна ситуација, многупати се покажало дека води во намалување на верничкото тело, наместо до зголемување на неговиот број. Флагрантен пример за ова е допуштањето на женско свештенство во Англиканската и останатите протестантски заедници кои предничат во либералните ставови, а кое стана причина за губење на огромно верничко тело, во оној дел на верници кои се сметаат за конзервативни и речиси никаква статистичка придобивка во подржувачите кои ги пропагираат овие идеи. Додека, во обратна насока, барањето упатено до духовништвото на Римокатоличката црква да заземе полиберален став во однос на разводот на бракот и сл. и нејзиното упорно одбивање да внесе полиберално разбирање на истото, исто така доведува до губење на верничко тело. Додека, сето ова се одвива на Запад, на Истокот, каде што Православната црква доминира, истата има статус на неприкосновен толкувач на доктрините, апелирајќи дека таа е правоверна во секоја смисла и секогаш треба да се обрати внимание кон основите на верските вистини и дека и најмалото менување на доктрината, претставува предавство на основите на Христијанството. Воглавно со мали исклучоци од либерален тип, истото се почитува, со оглед на поимањето на истата како изворна и оригинално апостолска црква од нејзиното верничко тело.

2. Значење на статистичката анализа за нивото на религиозноста

Ниедна статистичка анализа никогаш нема да даде потполно објаснување на значењето на личната религиозност, која се реализира преку официјален верски систем, затоа што промената на личната религиозност може да флуктуира често, а официјалната многу ретко. Доколку се појават и групи на влијание во самото духовништво кои ќе агитираат за промени, оние што ќе останат на основите, без разлика на бројот на верници која би продолжила да ги подржува, секогаш ќе се сметаат себеси за вистински верници, кои ги живеат и одржуваат вистинските принципи.

3. Религијата и глобалниот предизвик

Глобалното општество го карактеризира судирот помеѓу партикуларизмот и универзализмот. Партикуларизмот ја нагласува важноста на карактеристиките на поедините општествени групи. Тие разлики можат да бидат национални, регионални, културни или религиски. Универзализмот ја нагласува важноста на сличноста меѓу луѓето, поедини општества и системи на вредности. Во тој контекст религијата, (а во обид да се подразбере и Христијанството во голема мера, поради неговата карактеристична позиција во Европа) може да тргне во една од три насоки.

1.Бејер смета дека во глобализираниот свет ќе доминираат специјализирани подсистеми. Во врска со тоа тој вели: "Токму затоа што светската капиталистичка економија функционира насочена кон парите, глобалниот политички систем во смисла на бирократска организација на моќта, научниот систем во потрага за вистината која што може да се провери. На сите тие системи целта им е да се постигне што поголема ефикасност и рационално остварување на целите. Без глобалната улога, на религијата и се препушта задачата за соочување со личните прашања и проблеми, како што е на пример, смислата на животот. Следејќи го таквиот пат религијата ја губи својата улога која ја имала во јавноста и приватизираната религија продолжува да се развива во безброј плуралистички насоки, користејќи низа на можности. Поединците ја одбираат сектата, култот, деноминацијата или една од главните светски религии која сакаат да ја следат. Меѓутоа, религијата не мора нужно да биде ограничена во сферата на приватното.

2. Главните подсистеми на модерноста и глобализацијата создаваат проблеми. Глобалната економија, глобалната наука и и глобалниот политички систем можат многу малку да му понудат на поединецот или на општествените групи потврда на идентитетот. Идентитетите се повеќе се релативизираат: на луѓето им недостасува еднозначно одредување што всушност се. Тие имаат низа на

поединечни улоги (на пр. на работното место или во семејството) но не им недостасува единствено чувство на идентитет. Во плуралистичкиот свет, во кој различните култури и религии се цврсто испреплетени и се во поблизок контакт, тешко е да се изјави дека одредена култура е подобра од некоја друга.

Религијата може да има важна улога и да им помага на луѓето да се носат со таквите проблеми. Поединците и општествените групи можат да посегнат кон религијата за да им се осигура единственото чувство на идентитет. Таа може да ги мобилизира (да ги направи подвижни) општествените групи, со желба да остварат влијание во глобализираното општество во кое се чувствуваат маргинализирани или мислат дека тоа им е закана.

3. Третата опција е религиите да се обидат да остварат поуниверзален пристап. Бејер тоа го нарекува либерална опција. Во овој случај религијата се обидува да постигне екуменизам, ( движење за зближување на сите христијански цркви, од грчкиот збор – екумена, т.е населениот свет, цел свет), па настојува да ги приближи и обедини различните вери и верувања. Наместо да тргнува од несогласување на различностите, таа ги нагласува заедничките вредности и верувања, кои би требало да станат глобални, заеднички за целиот свет. Како пример може да послужи верувањето во универзалните човекови права или одредена концепција за социјална правда. Многу од проблемите на сиромашните можат да се препишат на начинот на функционирање на капиталистичкиот систем. Бејер заклучува дека глобализацијата нема да доведе до слабеење и пропаст на религијата, но ќе ѝ го ограничи влијанието. Религијата веќе не е интегрален дел на моќните подсистеми, како што се глобалната економија, политичките системи и науката. Сѐуште ќе остане важна како систем на комуникација, ќе може во одредена мера да влијае на настаните на светот, но нив директно нема да ги обликува". (Beyer, кај Haralambos i Holborn 2002:493)

Заклучни согледувања

1.Европската цивилизација, како своевидна и карактеристична културна средина претставувала, но и сега претставува поле за неброени промени во секој облик, со оглед на своето прогресивно расудување. Секако, ова се однесува на човечкиот фактор и различноста која во себе истиот ја содржи. Секако, за разлика од минатото, Европа денес е многу поедноставна и нединамична средина. Сета онаа движечка сила која произлегува од религиската матрица е ставена во заборав, па она што е забележливо е пред сѐ политичката динамичност, каде наместо размената на идеи, како нус продукт на демократијата како процес многупати имаме обична борба за власт.

Во основа, секоја различност во поглед на културната сфера или карактеристичниот менталитет на секоја држава поединечно се огледува во економската сфера пред сѐ. Таа тенденција за подобрување на европското општество во целина, е во линија на заедничко градиво на економската меѓузависност. Самите граници на Европа денес се порозни во смисла на неверојатна размена на идеи, информации и средства, што во минатото ниту оддалеку не било случај. Современа Европа ги има својствата кои ги имала и во минатото, па дури и секоја држава во неа е проткаена со идеологии кои имаат своја база во минатото. Можеме дури и да кажеме дека блоковската поделеност на групите на држави се огледува во однос и на нивните надворешни пројави и проблеми, како на пример: транзиција, национализам, економска подреденост и сл., но Европа денес е и организам, сосема отворен за надградба, со заеднички економски интереси и сосема мала грижа за религијата, која ја подредува на приватна потреба и ја става во ранг на сите лични карактеристики, кои ја определуваат денешната личност. Воопшто, се стекнува впечаток дека силата на религиозноста е потценета. Не се земаат предвид ниту искуствата од минатото, кога религиската свест, а во голем дел ова се однесува на Христијанството, надворешно гледано била на работ на опстанокот, но се враќала на голема врата и повторно станувала динамична.

2. Религиозната активност на Европско тло е сосема жива во најголем дел на историјата на Европа. Но, мора да се има предвид дека Европа низ историјата константно се менувала. Па, затоа современа Европа не може да се гледа само низ призмата на историските процеси, но пред сè, во нејзината религиска свест во современото живеење. Секако, погоре беше споменато дека Европа денес на религиозноста посветува сосема мало внимание, но религиозноста на европско тло е динамична обратно пропорционално со европската динамичност. Ако ова го следиме како надворешна појава, ќе видиме само дел од нејзината моќ за создавање на општествена свест. Религијата во целост се однесува на секоја духовна конотација, сосема независно од верската припадност. Па затоа, таа е својство кое најчесто делува заеднички со други елементи, како на пр. етничката припадност, разликите помеѓу верските групи и сл. Во таа смисла, секоја религиска активност е поврзана скоро секогаш со потенцијална општествена активност, која е видлива. Секогаш кога Европа запаѓа во летаргија, постојат огромни празнини кои претстои да се пополнат. Поради тоа, истата не може да се смести во приватната сфера, зашто истата во својата суштина претставува видлив сегмент. Таа, за разлика од европската динамичност која може да биде посилна или послаба, доколку се вкорени во општествената сфера, станува дел од европската свест, а никогаш обратно. На пример, доколку Европа е нерелигиозна, тоа значи дека религијата ја изгубила својата општествена моќ, но не и своите својства. Но, доколку религијата стане доминантен, или во најмала рака, важен сегмент на Европа, тогаш не може да стане збор за поништување на Европа, но само за видоизменета Европа. Таа дистинкција кога станува збор за Европа и религијата во целост, секогаш ќе биде предмет за расправа, пред сè поради самите карактеристики на религијата кои не се опипливи, но се видливи преку нејзините надворешни пројави. Кохезијата на религиозноста и Европа ја гледаме во непостоењето на тенденција за ривалитет, но напротив, за проникнување на религиозното во модерниот свет на слободата на избор.

3. Кога зборуваме за религија во Европа, најчесто под тоа го подразбираме Христијанството. Неспорно е дека Христијанството ѝ дало облик на Европа, онаква каква што ја доживуваме денес. Христијанството уште од почетокот на своето постоење особено е ориентирано кон европскиот континент. Неговите карактеристики длабоко се проникнати во европскиот човек. Па затоа, кога зборуваме за европјани, неспорно под тоа подразбираме Христијани, иако не секогаш во пракса тоа и се остварува. Заедничкиот именител на Европа секако е христијанската култура, ако може така да ја наречеме сета видлива особеност на Европа, како што е архитектурата, книжевноста, потеклото на државите, но и воопшто сето менталитетско градиво на европските жители.

Иако денес постојат разлики помеѓу одредени христијански верски заедници, тоа не претставува проблем за да се направи увид во нивните заеднички карактеристики на делување и опстојување денес. Колку и да претставуваат различни нивните христијански доктринарни и мисионерски принципи, тие во своите средини каде што се доминантни, продолжуваат со истата доминација. Нивната испреплетеност се огледува во нивниот светоглед на денешната глобална проблематика која ја третираат како повикани, со оглед на нивната моќ за делување врз општеството во целина. Статистичките показатели секогаш одат во прилог за потврдување на овие тези, затоа што во секоја статистичка анализа христијанското тело е мнозинство во општествена смисла. Секако, тоа може да биде предмет на дебата, во смисла, колку од тоа тело е активно, колку ги следи главните принципи на христијанската заедница на која ѝ припаѓа и сл.? Но, останува фактот дека традиционалните христијански верски заедници во Европа поседуваат голема моќ за делување и истата ја олицетворуваат во општествата каде што се доминантни, но некогаш и онаму каде што не се, напати испреплетувајќи се.

4. Глобализацијата и секуларизацијата се процеси кои претставуваат слика за денешните европски општества, но и воопшто во светски рамки. Тие процеси на меѓусебно влијание  и делење на заеднички, т.н. “вредности” толку се моќни, што општествата ги става во ситуација да наликуваат едни на други, што никогаш претходно не било случај. Сето тоа се одвива на повеќе полиња.  Сепак, глобалниот поредок, иако има заеднички именители, сепак има и свои специфичности. Доколку вниманието го насочиме кон Европа, ќе забележиме дека локалните карактеристики во многу нешта сѐуште имаат сила да се спротивстават на глобалните процеси. Секоја национална или етничка спрцифичност се обидува да направи последен обид да ги зачува своите обележја, во време кога економската меѓузависност се ориентира и кон зачувување на личните интереси. Од друга страна, културната инфилтрација е  соочена со мал отпор од традиционалните обележја на поединечни етнички заедници. Таа мешавина на размена на секакви тенденции, иако е навидум хаотично, сепак може и да се предвидува до одредена мера. Тој исполнет простор на секакви меѓусебни, во многу нешта и тенденциозни напрегања на европската сцена, резултира со обид да се задржи единството и заедничката благосостојба по секоја цена. Во таквата констелација на односи на таа иста сцена постои обид да се надминат културните специфичности. Делувањето врз историската религиска припадност на одредена етничка заедница која е носител на државноста во историска смисла, преку т.н. секуларизација, претставува обид да се надминат меќусебните разлики. Тоа значи дека тенденцијата за градба на граѓанско општество на сметка на потиснување на традиционалните особености, води до разводнување на локалните вредности. Тоа во Европа, особено во нејзиниот западен дел е најочигледно. Токму затоа, следењето на овие процеси претставува предизвик, простор за дискусија и понуда на идеи за понатамошно потенцијално, поинакво поставување на европската сцена. Борбата против екстремната секуларизација секогаш е витална, исто како и борбата за зачувување на личната вредност на етнички, а понекогаш и верски заедници, преку сепаратистички тенденции.

5. Тоа е во директна спротивност со сегашната европска мултинационалност и мултикултурализам, кои Европа наголемо ги истакнува како предност. Протокот на луѓе низ нејзината територија е неверојатно едноставен. Сето тоа нè води кон забелешката дека кои и да се причините, (а нив можеме да ги бараме во економијата пред сè, во размената на идеи и во најмал обем, едноставно во зближување на европјаните поради заедничката европска припадност), последиците се далекусежни. Европа етнички се менува, а особено нејзините држави со побројно население. Трансферот на внатрешните преселеници навистина никогаш не бил до крај запрен, но сега добива на интензитет. Доколку европјаните имаат и некакви културни сличности, преку кои интеграцијата е полесна и побрза, на религиски план се случува уште понеобична трансформација, а тоа е исламската имиграција кон Европа. Доколку Европа ја гледаме како мозаик на различности кои се трудат да бидат вклопени во заедништво какви и да се причините за тоа, исламската имиграција тоа го става пред тест. Муслиманите рапидно го зголемуваат своето учество во вкупната европска популација. Она што е забележливо како одредница е дека, иако муслиманите кои имигрираат во Европа имаат различна етничка припадност, сепак како сврзно ткиво го имаат Исламот, кој го пренесуваат и таму каде што никогаш претходно не бил застапен. Во моментот кога Европа се обидува религијата да ја смести во локалниот, односно приватниот живот, Исламот добива полет како етничко врзивно ткиво, па денес кога зборуваме за европјаните со исламска вероисповед, веќе зборуваме како за еден етникум, за разлика од европјаните кои традиционално го населуваат европскиот простор, кои се делат на безбројни начини и се обидуваат секуларно и хуманистички да ги надминат нивните религиски вредности, гледајќи ги како пречка на меѓусебното интегрирање. Секако, религијата може да се злоупотреби за сето ова, но таа самата по себе не е причина за поделби доколку секоја религиска определба е решена како интегративен дел на етничките групи, кои се во взаемен однос со останатите, преку останати заеднички мирољубиви тенденции.

6. Сето ова е во корелација со денешната развиена вмреженост, преку која информациите течат непречено. Медиумскиот и комуникацискиот сектор можат да се користат наместо за истакнување на различностите, за вистинско запознавање на културите. Секако, тоа не значи дека сите тие треба да се проникнуваат, или во религиска смисла да се прави синкретизам, но значи дека вистинската информација треба да биде од полза за современата европска цивилизација. Медиумот денес во многу нешта претставува секојдневие и неверојатна зависност за мнозинството граѓани, па доколку истата таа информативна понуда е во насока на вршење на злосторство во вистинска смисла врз човековите гледишта, преку создавање на тенденциозна свест, тоа е закана за самата Европа, во секоја смисла. Но, доколку медиумскиот простор се исполни со градиво кое е достоинствено и сосема ненаметливо, тогаш се остава доволен простор за користење на слободата на избор.

Христијанските верски заедници кои се моќни да поседуваат голем медиумски простор, се обидуваат да придонесат за промоција на вредностите кои креираат здрави општества, слободни од насилство и отворени за соработка. Интернетскиот простор изобилува со информации за активности во таа насока, па на тој начин, медиумите може да се доживуваат како алатка за европска заедничка христијанска тенденција, во насока з,а претставување на Христијанството во неговото вистинско, мирољубиво лице. Сето тоа оди во прилог на идејата за заедничка Европа како место на културна промоција, но не и за културна деградација.

7. Во таа смисла секоја религиска статистика ни оддалеку не ни дава комплетна слика на ваквото европско градиво, зашто квалитетот на религиските идеи не кореспондираат со нивната имплементација во целост. Религиската свест може да се следи само делумно, земајќи ја предвид духовната сфера и непостоењето на методологија која суштински проникнува во религиската определба спроведена во пракса. Во голема мера, овде улога игра и прифатливоста на световните идеи со оглед на тоа, дека многу од нив се косат со официјалните доктрини, пред сè на Христијанството, па секоја од нив секогаш се

става пред духовен испит. Сето тоа е предмет на борбата на идеи, која вклучува во себе секакви можности за влијание. На пр. доколку се пропагира некој закон кој е во спротивност со официјалните доктрини, истиот тој веднаш се става пред испит на религиската свест, а неговото прифаќање зависи од нивото на следење на истите доктрини на населението кое се декларира за христијанско, а е директно засегнато од тој закон и сл.Поради тоа, религијата е постојано активна и нејзиното општествено значење е исклучително.

Христијанството пак, претставува моќен елемент во креирањето на општествената свест, а неговото значење и во современа Европа е колосално.

Содржина


Вовед 2

***Методолошки пристап на истражувањето***

1. Цели и задачи на истражувањето 5

2. Научна цел 5

3. Задачи на истражувањето 5

4. Практична цел на истражувањето 6

5. Дефинирање на основните поими на истражувањето 6

6. Истражувачки прашања 9

7 .Методи и техники на истражување 9

***I. Современите европски општества***

*1. Историски контекст* 11

*2.Современа состојба* 12

*3. Европски граници-статус* 15

***II. Религиозноста во современа Европа***

*1. Значење и практика* 16

*2. Современа состојба* 17

***III. Христијанството во современа Европа***

*1.Статистичка анализа* 19

*2. Римокатоличка Црква* 21

*2.1. Источно-католички цркви* 23

*3. Православна Црква* 24

*4. Ориентално православни цркви* 26

*4.1.Ерменска ориентално православна црква* 26

*5. Протестантски Цркви* 26

*5.1. Лутеранство* 26

*5.2.. Англиканизам* 26

*5.3. Калвинизам* 27

*6. Статистичка анализа* 27

***IV. Глобализацијата и секуларноста во современа Европа***

*1. Глобализација* 30

*1.2.Глобалната економија* 33

*2. Секуларизацијата и Европа* 38

*2.1.Секуларизацијата и црквите во современа Европа* 42

*2.2.Секуларни системи* 45

**V. Мултикултурализмот и мултинационалноста во Европа**

*1. Современа Европа и Исламот* 50

*2. Внатрешна имиграција во Европа* 52

***VI.*Современите медиуми и нивната интеракција со Христијанството во современа Европа**

*1. Комуникација и медиуми* 56

*2. Религијата и процесот на комуникација* 58

*3. Христијанството и медиумите* 59

*4.Римокатоличката црква и масмедиумскиот сектор* 62

*5. Православната Црква и масмедиумскиот сектор* 67

*6. Протестантските цркви и масмедиумскиот сектор* 73

**VII. Религиозноста и доктринарниот концепт на Христијанството**

*1. Религиозноста и Христијанството* 75

*2. Значење на статистичката анализа за нивото на религиозност* 77

*3. Религијата и глобалниот предизвик* 79

Заклучни согледувања 80

## Библиографија

- A New Door of Faith: *Catholic Identity, Evangelization, and Renewal through Social Media*

http://www.seatofwisdomjournal.org/uploads/Symposium_Paper_-_Faith_and_Catholic_Media_-_A__Bonaccorso.pdf

-Applebu, S. (2000), *The Ambivalence of the Sacred: Religion, Violence and Reconiliation,* Lanham, MD: Rowman and Litlefield

-Asad, T. (1999), *Religion, Nation- State, Secularism,* Pp. 178-196 in P. Van der Veer and H. Lehmann( EDS), *Nation and Religion,* Princeton University Press

-Ash Amin MULTIETHNICITY AND THE IDEA OF EUROPE University of Durham 2003

-Ash, Amin *Theory,* (2003) *Culture and Society* University of Durham

-Arasa, D., Cantoni L., & Ruiz L.( 2009 ) *Religious Internet communication: Facts, trends, and experiences in the Catholic church*. EDUSC. Rome,

-Arnold, Thomas (1931) *The Legacy of Islam* Oxford at the Clarendon Press

-Babin, P., & Zukowski, A. (2002). The gospel in cyberspace: Nurturing faith in the Internet age. Chicago, IL: Loyola university Press

-Bayer, Axel (2002), Spaltung der Christenheit. Das sogennante Morgenländische Schisma von 1054 ), Köln-Weimar-Wien.

-Barker, Elijan. 2000. Religious freedom and confessional pluralism, vo: Micunovic, D. *Crkva, drzava i civilno drustvo,* Beograd, Centar za demokratiju

-Bauman, Z. (1992), *Soil, Blood and Identity,* Sociologica Review

-Bauman, Z., (2001), Postmodernata etika, Lik, Sofic

-Bauman Zygmunt -*Consuming Life* Zygmunt Bauman 2007,

-Benedict XVI. (2008). The media: At the crossroads between self-promotion and service: Searching for the truth in order to share it with others. Retrieved January 25, 2012 from http://www.vatican.va/holy_father/benedict_xvi/messages/ communications/documents/hf_ ben-xvi_mes_ 20080124_42nd-world-communications-day_en.html.

-.Benedict XVI. (2009). New technologies, new relationships: Promoting a culture of respect, dialogue and friendship. Retrieved January 25, 2012 from http://www.vatican.va/holy_father/benedict_xvi/messages/communications/ documents/hf_ben-xvi_mes_20090124 43rdworld-communications-day_en.html.

.-Benedict XV1. (2010). The priest and pastoral ministry in a digital world: New media at the service of the word. Retrieved January 25, 2012 from http://www.vatican.va/holy_father/benedict_xvi/messages/communications/ documents/hf_ben-xvi_mes_ 20100124_44thworld-communications-day_en.html.

-.Benedict XVI. (2011). Truth, proclamation and authenticity of life in the digital age. Retrieved January 25, 2012 from http://www.vatican.va/holy_father/benedict_xvi/messages/communications/documents/hf_ben-xvi_mes_20110124_45th-world-communications-day_en.html

-Berdzajev, N., (2000) Opit eshatoloske metafizike, Bogoslovski fakultet, SPC, Beograd

-Berger, Peter L. Huntington Samuel P. *Many Globalizations:Cultural Diversity in the Contemporary World University Press* Oxford, 2002

-Beshears Kyle Empty Churches: The Decline of Cultural Christianity in the West

-Beyer, P. (1994), *Religion and Globalization,* New Bury Park, CA: Sage

-Biblija- Stariot i noviot zavet Скопје 1991

-Blagojevic, Mirko. 2005. *Religija i crkva u transformacijama drustva,* Beograd: Institut za filozofsku i drustvenu teoriju

-Bogomilova, Nonka. 2004. *Reflections on the contemporary religious "Revival": Religion, Secularization, Globalization,* Religion in the Eastern Europe, vol. XXIV, N.4

-Bruce, Steve *Secularization and the Impotence of Individualized Religion*
March 2006 Hedgehog Review;Spring/Summer 2006, Vol. 8 Issue 1/2, Academic Journal Essay

-Campbell, H. A. (2010) *When religion meets new media* London: Routledge.

-Campbell H. A. and Emerson Paul Teusner (2011) *Religious Authority in the Age of the Internet* Center for Christian Ethics at Baylor University:

-Cantoni, L., & Zyga, S. (2007)The use of Internet communication by Catholic congregations: A quantitative study. Journal of Media and Religion, 6(4), 291-309.

-Castells, Manuel (1999) *Information Technology, Globalization and Social Development* UNRISD Discussion Paper No. 114, September

-Carlos A. Valle (1992) *Religion and the Media* World Association for Christian Communication, London,

-Casey Cheryl Anne Online *Religion and Finding Faith on the Web:An Examination of Beliefnet.org* Proceedings of the Media Ecology Association, Volume 2, 2001
- Castells, M. *The Internet galaxy.* Oxford: Oxford university Press, 2001
- COMECE (Commission of the Bishops' Conferences of the European Community). (2001). *A call for media education.* Retrieved January 31, 2012 from http://www.comece.org/content/site/en/publications/p ubcomece/index3.html

-Cipriani, Roberto. 2000. *Sociology of Religion*. New York: Aldine de Gruter

-Craig, Paul; Grainne De Burca; P. P. Craig (2007). *EU Law: Text, Cases and Materials* (4th ed.). Oxford: Oxford University Press.

-Cvitkovic, Ivan. 2004. *Sociologija religije*. Sarajevo: Des

-Delanty, Gerard *Conceptions of Europe* A Review of Recent Trends Sage Publications: London, 2003

-de Vaujany, F-X. C. (2006). *Between eternity and actualization*: The co-evolution of the fields of communication in the Vatican. MPRA Paper No. 4082, posted 07 November 2007.

-di Falco Leandri, J-M. (2009). Introduction: The culture of Internet and the communication of the church. Speech to the CEEM Plenary Assembly, Vatican City, November 12. Retrieved January 31, 2012 from http://ccee.ch/index.php?&na=2,7,0,0,e,119028

-Durkheim, Emil. 1915. *The elementary forms of the religious life.* London: Allen and Unwin

-Elijade, M., (1991), Istorija verovawa i religiskih ideja I, II, III, Prosveta, Beograd

-Feldman, Noah (2005) *Divided by God* Farrar, Straus and Giroux

-Ferrari, Silvio *Church and State in Europe: a comparative outlook* (2000)

-Ferraro, Vincent *Dependency Theory: An Introduction*, in *The Development Economics Reader*, ed. Giorgio Secondi (London: Routledge, 2008)

-FRIEDMAN, THOMAS L. *The Lexus and the Olive Tree* First Anchor Books Edition, 1999, 2000

-Friedman, Thomas L. " The Dell Theory of Conflict Prevention". Emerging: A Reader, Ed. Barclay Barrios, Boston: Bedford, St. Martins, 2008,

-Furseth, Inger and Pal, Repstad. 2006. *An introduction to the sociology of religion*. England: Ashgate Publishing limited

-Giddens, A. (1991) *Modernity and Self-identity: Self and Society in the late modern age* Stanford University Press,

-Giddens, Anthony *Modernity, post-modernity and the post-traditional* David Gauntlett 2001,

-Giddens, Anthony and Turner, H. Jonathan *Social Theory Today* Stanford University Press 1987,

-Gitlin, Todd *Media Unlimited: How the Torrent of Images and Sounds Overwhelms Our Lives* New York: H. Holt, 2002*,* 140*e,*Stanford, CA: Stanford University Press

-Habermas, Jurgen *Religion and Rationality: Essay on Reason, God, and Modernity*, Cambridge: The MIT Press, 2002

-Hamilton, M. (2001) *The Sociology of Religion,* Routledge, an inprint of the Taylor 7 Francis Group, CLIO

-Hallahan Kirk *THE CONSEQUENCES OF MASS COMMUNICATION Cultural and Critical Perspectives on Mass Media and Society*

-Hanna adoni Media and the social construction of reality
Toward an Integration of Theory and Research Hebrew University of Jerusalem Sage Publications, 2014

-Haralambos, Michael i Holborn, Martin. 2002. *Sociologija*. Zagreb: Golden marketing.

-Hardon, John, 1981, *Catholic Catechism*, New York, NY, USA: Doubleday,

-Harvey Cox 1966 *Secular City* The Macmillan company, New York

-Hastings, Adrian The Construction of Nationhood: Ethnicity, Religion and Nationalism -Cambridge University Press The 1996 Wiles Lectures given at The Queen's University of Belfast

-John Paul II. (1984). Social communication: Instruments of encounter between faith and culture. Retrieved January 25, 2012 from http://www.vatican.va/holy_ father/john_paul_ii/messages/communications/documents/hf_jp-ii_mes_240 51984_world-communications-day_en.html.

-John Paul II. (1985). Social communications for a Christian promotion of youth. Retrieved January 25, 2012 from http://www.vatican.va/holy_father/john_paul_ii/messages/communications/ documents/hf_jp-ii_mes_15041985_world-communications-day_en.html.

-John Paul II. (1990a). The Christian message in a computer culture. Retrieved January 25, 2012 from http://www.vatican.va/holy_father/john_paul_ii/messages/communications/ documents/hf_jp-ii_mes_24011990_world-communications-day_en.html. John Paul II. (1990b). Redemptoris missio. Retrieved January 25, 2012 from http://www.vatican.va/edocs/ ENG0219_INDEX.HTM.

-John Paul II. (1992). The proclamation of Christ's message in the communications media. Retrieved January 25, 2012 from http://www.vatican.va/holy_father/john_ paul_ii/messages/communications/documents/hf_jpii_mes_240119 92_world-communicationsday_en.html.

-John Paul II. (1997) Communicating Jesus: The way, the truth and the life. Retrieved January 25, 2012 from

http://www.vatican.va/holy_father/john_paul_ii/messages/communications/ documents/hf_jp-ii_mes_24011997_world-communications-day_en.html

John Paul II (2001) "Preach from the housetops": The gospel in the age of global communication. Retrieved January 25, 2012 from http://www.vatican.va/holy_ father/john_paul_ii/messages/communications/documents/hf_jp-ii_mes_200 10124_world-communications-day_en.html.

John Paul II (2002) Internet: A new forum for proclaiming the gospel. Retrieved January 25, 2012 from http://www.vatican.va/holy_father/john_paul_ii/messages/communications/ documents/hf_jp-ii_mes_20020122_world-communications-day_en.html.

-John Paul, II. 2005. The rapid development. Retrieved January 25, 2012 from http://www.vatican.va/holy_ father/john_paul_ii/apost_letters/documents/hf_jpii_apl_20050124_il-rapid o-sviluppo_en.html.

-Jonathan Sacks *The Dignity of Difference: How to Avoid a Clash ofCivilizations Sacred heart University2009*

-Kokovic, D., (2005), Pukotine culture, Prometej, Novi Sad

-Kuburic, Z., (1996), Religija, porodica i mladi, Beograd

https://en.wikisource.org/wiki/Declaration_no._142-N_of_the_Soviet_of_the_Republics_of_the_Supreme_Soviet_of_the_USSR

-Kuyper, Abraham, *Calvinism* Lectures at Theological Seminary at Princeton 1898-99

-Luhmann, Niklas (1996) *The Reality of the Mass Media* Stanford University Press, Stanford, California,

-Mandzaridis, I.G., (2004), Sociologija hriscanstva, Hriscanski kulturni centar, Beograd

-Martin, D. (2004). Has religion a role in a technological society? In Ethics and Values in a Digital Age, Information Society Commission, Dublin. Retrieved fromhttp://www.dublindiocese.ie/content/151004-has-religion-role-technological-society

-Marsden, Lee and Savigny, Heather *Media, Religion and Conflict*

http://www.gowertraining.co.uk/pdf/SamplePages/Media_Religion_and_Conflict_Intro.pdf

-Matevski, Zoran i Aziri, Etem i Velickovski, Goce. (2006). Introducing Religious education in Macedonia. Vo Zbornik: *Religion and pluralism in education.* Novi Sad: CEIR in cooperation

-Matevski, Zoran. 2007. "Religious dialogue and tolerance – theoretical and practical experiences of differences and similarities". Vo Monografija: *Politics and Religion.* Beograd: Centere for study of Religion and religious tolerance

*-2007 b.* "Religion in multicultural society". Vo Zbornik: *Sociological Horisons.* Blagoevgrad: South-west Universtity "Neofit Rilski"

Sout-west University "Neofit Rilski"

-1999. *Durkheim's reaches in religion studying.* In Anthology: Durkheim and contemporary sociology. Skopje: The Faculty of Philosophy

-2002. *Actuality of Webers' beliefs about religion* – Sociological Review. No.1-2, Skopje

-2004. *Constructive solving of conflicts, as an important factor for protecting human rights and freedoms.* In Anthology of Fridrih Ebert Stiftung, Skopje

-2005. *Critical overview on certain sites for religion in modern American sociology,* Anthology of works, the Faculty of Philosophy, Skopje

-2005. *The religious Education in the Pedagogical System in the Republic of Macedonia,* http://kotor-network,info/papers/kotor

-2007. *Religious dialogue and tolerance-theoretical and practical experiences of differences and similarities.* In Monograph: Politics and Religion. Beograd: Center for study of Religion and religious tolerance

-Meyendorff, John, *Orthodox church* St Vladimir's Seminary Press, 1981

-Menj, Aleksandar. 2005. *Istorija Religije.* Beograd: Plato.
-Metz, René,"What is Canon Law?" (New York: Hawthorn Books, 1960 [1st Edition]), pg. 137
- McDonnell, J. The Politics of Educatio: the Challenge of Media Literacy in the InformationSociety.
http://www.ekir.de/ecic/media/ecic11_PoliticsofEducatio.pdf

-Mische, Patricia M. / Merkling, Melissa (eds.)(2001)*Toward a Global Civilization* The Contribution of Religions New York, Bern, Berlin, Bruxelles, Frankfurt, Oxford, Wien,

-Mc Guire, Meredith, 2002. *Religion – the social context.* USA: Wadsworth Thomson learning

- Oberman, Heiko, *Luther,* (New York: Doubleday, 1990),

-Pavicevic, Vuko (1988) Sociologija religije Beogradski izdavacko-graficki zavod Beograd,

-Peter Alter,(1989) *Nationalism* (London: Edward Arnold)
-Pontifical Council for Culture. (1999) Towards a Pastoral Approach to Culture. Retrieved January 25, 2012 from http://www.vatican.va/roman_curia/pontifical_councils/cultr/documents/ rc_pc_pc-cultr_doc_03061999_pastoral_en.html.

Pontifical Council for Social Communications. (1971). Communio et Progressio. Retrieved January 25, 2012 from http://www.vatican.va/roman_curia/pontifical_ councils/pccs/documents/rc_pc_pccs_doc_23051971_ com munio_en.html.

-Pontifical Council for Social Communications. (1992). Aetatis Novae. Retrieved January 25, 2012 from http://www.vatican.va/roman_curia/pontifical_councils/pccs/documents/ rc_pc_pccs_doc_22021992_aetatis_en.html.

-Pontifical Council for Social Communications. (2000). Ethics in communications. Retrieved January 25, 2012 from http://www.vatican.va/roman_curia/pontifical_ councils/pccs/documents/rc_pc_pccs_doc_20000530_ ethics-communications_en.html.

-Pontifical Council for Social Communications. (2002a). Ethics and Internet. Retrieved January 25, 2012 from http://www.vatican.va/roman_curia/pontifical_councils/pccs/documents/ rc_pc_pccs_doc_20020228_ethics-internet_en.html.

-Pontifical Council for Social Communications.(2002b). The church and Internet. Retrieved January 25, 2012 from http://www.vatican.va/roman_curia/pontifical_councils/pccs/documents/ rc_pc_pccs_doc_20020228_church-internet_en.html.

-Raines, John. 2002. "Introduction". *Marx on Religion* (Marx, Karl). Philadelphia: Temple University Press.

-Rémond ,René (Author) Antonia Nevill (Translator), *Religion and Society in Modern Europe*, Malden, MA, U.S.A.: Blackwell Publishers, 1999.

-Ritzer, George *Globalization: A Basic Text* WILEY-BLACKWELL 2009

-Roland Robertson *Mapping the Global Condition: Globalization as the Central Concept* Theory Culture Society SAGE 1990

-Roberson, Ronald. "The Eastern Catholic Churches 2010"

-Richard Falk *The Monotheistic Religions in the Era of Globalisation* GLOBAL DIALOGUE Volume 1 • Number 1 • Summer 1999

Saskia Sassen A sociology of Globalization W.W.Norton & Company, inc. 2007

-Second Vatican Council. (1965) Gaudium et spes. Pastoral constitution on the church in the modern world. Retrieved January 25, 2012 from http://www.vatican.va/archive/hist_councils/ii_vatican_council/documents/ vat-ii_cons_19651207_gaudium-etspes_en.html.

-Second Vatican Council. (1963). Inter Mirifica. Retrieved January 25, 2012 from http://www.vatican.va/archive/ hist_councils/ii_vatican_council/documents/vatii_decree_19631204_inter - mirifica_en.html.

-Shields, R. (2008) Toward a religious ethics of information communication technology. International Review of Information Ethics, 9(8), 21-24. Retrieved January 31, 2012 http://www.i-r-i-e.net/issue9.html.

-Shoemaker, Pamela J. Syracuse University Stephen D. Reese *MEDIATING THE MESSAGE Theories of Influences on Mass Media Content* Longman New York, 1991

-Scharf B. (1970) *The Sociological Study of Religion,* London, Hutchuinson

-Smith, Anthony D.: (1991) *National identity* Penguin Books,

-Smith, Anthony D., (1983), "Ethnicity and Nation in the Modern World", *Millennium*

-Smith, Anthony D. *Nationalism and Modernism A critical survey of recent theories of nations and nationalism* Rutlege, London 1998

-Soberon, L. (2009) La inteligencia conectiva en la Red Informatica de la Iglesia en America Latina (RIIAL). Signo y Pensamiento, 25(54), 300-316.

-Soukup, P. A. (2003). Challenges for evangelization in the digital age. Paper presented at the Continental Congress on the Church and Information Society, Monterrey, Mexico. Retrieved January 26, 2012 from http://www.iglesiaeinformatica.org/4-

2Challenges%20for%20Evangelization%20in%20the%20Digital%20Age.pdf

-Spadaro, A. (2010) La Fede nella "Rete" della Relazione [Faith in the "network" of relations]. La Civilta Cattolica II, 258-271.

-Stanford, Peter (29 June 2011)."Roman Catholic Church". *BBC Religions*. Retrieved 14 December 2014

-Staudenmaier, J. (1989). Moving at the speed of light: The influence of communication technologies on modern American culture. In J. McDonnell & F. Trampiets (Eds.), Communicating Faith in a Technological Age (pp. 28-48). Slough, Berks: St Paul Publications.

-Stanovcic, P.,(2003), *Politicke ideje i religija 1 i 2,* Beograd, Cigoja

-Susnjic, Duro. 1998. *Religija I i II*. Beograd: Cigoja

-Timothy, James Walker The Good news: measuring the impact of religious words in mass media communication Thesis Committee Chair December 2008

-Turner, B.S (1991), *Politics and Culture in Islamic Globalism,* in Religion and the Global Search for Order, New York, Paragon

- USCCB (United States Conference ofCatholic Bishops). (2000). Your family and cyberspace. Retrieved January 31, 2012 from http://old.usccb.org/comm/ cyberspace.shtml.

-Vogt, B. (2011). The church and new media: Blogging converts, online activists, and bishops who tweet. Huntington, IN: Our Sunday Visitor.

-Vukomanovic, M. (2004) *Religija*, Beograd, Zavod za ucvenike I nastavne sredstva

-Weber, Max. 1930. *The protestant ethic and the spirit of Capitalism.* London: Allen and Unwin

-Weber, Max. 1905 The Protestant Ethic and the Spirit of Capitalism Unwin Hyman, London & Boston, 1930

-White, Robert A. (1997) *Religion and Media in theConstruction of Cultures* Sage Publications, inc. Thousand Oaks,

-Yinger, J.M 1970. The Scientific Study of Religion. NY: MacMillan

Šušnjić, Djuro.1998. *Religija I.* Beograd: Čigoja Štampa.

-Алфеев, Иларион *Европа се креће ка диктатури у име слободе задовољавања људских пожуда*
http://blogs.svetosavlje.org/vesti/archives/18622

-Браницкий А. Г., Корнилов А. А. 2013 *Религии региона*, Н. Новгород;

-Маршал, Гордон. 2004. *Оксфордски речник по социологија*. Скопје: МИ-АН.

-Трајковски, Ило *Глобализирањето, индивидуалноста и општеството* Скопје 2006,